ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА БЕЛГИЈА | КОМУНИКАЦИИ И ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА НА НАТО | „EUROCOPTER AS532 COUGAR“ | „MATADOR“

# ШТИТ


Број 111
Јануари 2019

ISSN 1857-6710


МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




## Пријателство, меѓусебна соработка и професионализам

# „ТРИ АРМИИ“

# Армијата подмладена со 375 нови професионални војници







Кон крајот на 2018 година во редовите на АРМ стапија нови 130 професионални војници. На свеченоста во касарната „Илинден“ на третата класа нови професионални војници им се обрати министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, а присуствуваа и началникот на ГШ на АРМ, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски и заменикот-министер Беким Максути. „Добредојдовте во Армијата на Република Македонија. Вие сте уште еден доказ дека за нас зборот е навистина збор, дека она што сме го најавиле, знаеме да го исполниме. Најавив дека 2018 година АРМ ќе се подмлади и ќе се засили со 375 нови професионални војници. Вие ќе бидете новата енергија, новиот мотив, новиот капацитет на Армијата на Република Македонија. Ќе бидете уште еден доказ и уште една причина за сигурноста, безбедноста и спокојството на граѓаните на нашата татковина“, рече министерката. Министерката Шекеринска истакна дека Македонија ги сруши бариерите, ја доби поканата за членство во НАТО, ги започна и ги заврши пристапните разговори. „Поканата за НАТО е нашиот најголем успех годинава за одбраната и државата, а за мене драг успех е решавањето на еден од долгогодишните проблеми, проблемот со елементарната и логистичка поддршка, проблемот наречен чизми и униформи“, рече министерката. Таа информираше дека испораката на 7.000 пара чизми до секој припадник на Армијата е започната, а потпишан е договорот за 14.000 нови униформи, односно по два комплети за секој војник. Осврнувајќи се на 2018 година, Шекеринска рече дека платите оваа година конечно беа зголемени за 10 проценти, и дека 5-процентното зголемување се планира и за идната година. Буџетот, рече, беше зголемен 15 проценти за 2018 г., ќе порасне 33 проценти во 2019 година. „За сите наши планови, за сета модернизација, опрема, подобрување на условите за вашата работа, потребни се пари. Затоа, и за оваа и за идната година



покажавме дека не отстапуваме од зголемување на одбранбениот буџет. За одбраната и армијата повеќе пари ќе има и во иднина. Ве уверувам дека наш вистински приоритет е да ја постигнеме НАТО-целта, 2 проценти од бруто-домашниот производ да се издвојуваат за потребите на одбраната, а тоа значи, пред сѐ, за потребите на АРМ. Тоа го правиме не затоа што НАТО истото го бара од земјите-членки, туку затоа што вие, затоа што армијата, затоа што одбраната на државата тоа го заслужува. Овие средства се начин како вие да бидете поуспешни во вашата работа, како Македонија да спие мирно, а вие спокојно да ја вршите вашата обврска“, рече Шекеринска. Министерката истакна дека во однос на етничката структура, Армијата ја претставува Македонија, онаква каква што е – етнички разновидна и побогата земја, а од вкупно 375 професионални војници, 48 се припаднички на женскиот пол“,потенцираше министерката.
Со приемот на оваа, трета класа професионални војници, во целост се реализираше планот за прием на 375 професионални војници во Армијата во 2018 година, со што директно се влијае на намалувањето на просечната возраст на припадниците на АРМ, и тоа за цели три години, но и на нејзината поголема функционалност и на нејзините капацитети за да го гарантираат она што е најважно за граѓаните на Македонија – сигурноста, безбедноста, стабилноста.







# содржина

ШТИТ ▌година XI ▌број 111 ▌јануари 2019


Инфо
**Македонија треба да биде наградена со почеток на преговори** 5

Инфо
**Патот кон НАТО се ближи до својата завршница** 6

Инфо
**Симулациска вежба „SEESIM 18”** 8

НАТО-армии
**Вооружените сили на Белгија** 16

НАТО-активности
**Комуникации и јавна дипломатија на НАТО** 20

Едукација
**Импликациите на руската „A2AD“ стратегија врз НАТО** 22

Едукација
**Етичката дилема на противтероризмот** 26

Вооружување
**„Посејдон“, руско нуклеарно дрон-торпедо** 32

Вооружување
**„MATADOR“** 36

Вооружување
**Инженериска борбена поддршка на копнената војска на Бундесверот** 38

Опрема
**Воeнотеренска маскирна униформа како препознатливо обележје на македонската армија** 40

Глобал
**Меѓународното право и морската миграција** 44

Незадолжително
**Ернестина и тапијата на Омер-бег** 52

# Подготвени

Годината што измина беше година на големи предизвици, предизвици кои успешно ги совладувавме во текот на целата година и во Новата 2019 година зачекоривме подготвени за достигнување на крајните цели.
Министерката за одбрана Радмила Шекеринска, во очи на Новата година, обраќајќи се до јавноста потсети на некои од позначајните успеси реализирани во текот на 2018 година „Ја добивме поканата за членство во Алијансата, ги завршивме пристапните разговори за членство и ја добивме поддршката од клучните светски политички авторитети. Стандардот на припадниците на Армијата реално почна да се подобрува – покачувањето на буџетот и на платите за припадниците на АРМ, одбранбените реформи, приемот на 375 нови професионални војници, усвојувањето и имплементацијата на значајни стратегиски документи, опремувањето на припадниците на АРМ, отвореноста кон јавноста беа само дел ветеното кое беше остварено...
Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, во пресрет на Новата година одржа брифинг во Домот на Армијата во Скопје, на кој брифираше за борбената подготвеност на АРМ пред претседателот на Република Македонија и врховен командант Ѓорге Иванов, на кој присуствуваа и министерката за одбрана Радмила Шекеринска, заменик-министерот за одбрана Беким Максути, државниот секретар во Министерството за одбрана Драган Николиќ, генералите во АРМ и претставници од Кабинетот на претседателот на Република Македонија. Началникот на ГШ на АРМ го информираше претседателот за реализацијата на плановите и задачите во текот на 2018 година, за функционалните области во АРМ: персонален менаџмент и морал, операции, обука и вежби, логистичко обезбедување, планирање, врски и комуникации, буџетирање и цивилно-воената соработка. Тој истакна дека во годината што измина Армијата на Република Македонија во целост ги реализирала сите планирани активности и задачи и е реално подготвена за сите наредни во годината која ја започнуваме.
Во сите честитки и желби за успешна Нова година од страна на официјалните претставници на МО и АРМ не беа заборавени мировниците кои далеку од домот и семејството, во мисиите ширум светот рамо до рамо со коалиционите партнери, даваат свој придонес кон светскиот мир и кои од страна на авторитетите се оценети како едни од најподготвените и најпредадени во овие мисии. Во нивна чест беше организирана средба со нивните семејства во Домот на Армијата во Скопје, каде преку видеолинк имаа можност да комуницираат директно со мировниците.
Семејството е основната клетка на општеството, а задоволно и среќно семејство на армискиот припадник е уште еден мотив повеќе за тој да стои уште порешително на браникот на татковината и Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија се подготвени во секој поглед да го остварат тоа.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„ФЕНИКС ПРИНТ“
ДООЕЛ Кочани

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје, Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.






# Македонија треба да биде наградена со почеток на преговори

Заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана Радмила Шекеринска во текот на декември беше во работна посета на Брисел. Во Брисел таа учествуваше на конференција за односите меѓу ЕУ и Западен Балкан, посветена на проширувањето на Унијата, интеграцијата и предизвиците од трансформацијата на земјите од регионот.  На самитот, министерката Шекеринска зборуваше на првата сесија насловена како „ЕУ – Западен Балкан: Сè уште комплицирано“. Обраќајќи се пред присутните, министерката Шекеринска рече дека во политиката во регионов премногу долго се користел изговорот дека се комплицирани прашањата. „Така беше и со односите на Македонија со Грција и со Бугарија, но ние наместо да се оправдуваме дека е комплицирано, работевме да ја смениме ’статус кво’ ситуацијата. Успеавме да го решиме тридецениските спор поради лидерството и храброста од двете страни.“, рече министерката. Таа потенцираше дека договорот со Грција е веќе  ратификуван во Парламентот и дека Парламентот во два наврати веќе гласаше за уставните измени. „Направивме напори за спроведување на успешен процес и сме решени да имаме успешна завршница“. Министерката истакна дека членството во ЕУ не е само да се пополнат графите за бараните услови, туку всушност е трансформацијата на општеството. „Вистинската трансформација во повеќето земји од Централна и од Источна Европа се одвивала за време на пристапниот процес. Значи, она што го бара Македонија е да почне тој процес на преговори“, нагласи таа.



Во рамки на работниот престој во Брисел, заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана Радмила Шекеринска имаше работна вечера заедно со министерот за надворешни работи Никола Димитров и со НАТО-амбасадорите.  Таа, во Брисел, заедно со министерот за надворешни работи Никола Димитров, оствари средби со високата претставничка за надворешна и безбедносна политика на ЕУ, Федерика Могерини и со комесарот за добрососедска политика и проширување, Јоханес Хан. На средбите стана збор за актуелните случувања во Македонија и во регионот. Министрите ја информираа европската двојка за успешното одвивање на собранискиот процес за уставните измени, како и за фазите кои се во тек и за фазите кои претстојат до исполнувањето на преостанатите критериуми за полноправно членство на Македонија во НАТО и почеток на преговори со ЕУ. Притоа, заеднички беше заклучено дека Македонија се движи во позитивен правец, ги исполнува зададените критериуми, и дека ЕУ и НАТО треба да ги признаат напорите и постигнатите резултати и да ѝ овозможат на земјата да премине на следните чекори во евроатлантските интеграции. Притоа, министерката ѝ предаде писмо на високата претставничка Могерини за соработка на Министерството за одбрана и ЕУ во справувањето со хибридните закани. Во писмото се истакнува дека нашата земја веќе има покренато национални анализи за откривањето на изворите на ризици и потенцијалната изложеност на такви закани и дека ги поддржува сите координирани активности на ЕУ на тој план.



# Патот кон НАТО се ближи до својата завршница

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска и началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, се сретнаа со командантот на Здружената команда на сојузничките сили во Неапол, адмиралот Џејмс Фого, кој ја посети Република Македонија. Шекеринска ја потенцираше долгогодишната соработка помеѓу МО и АРМ и Здружената команда на сојузничките сили во Неапол, која придонесе Македонија да биде подготвена да стане 30-тата земја-членка на НАТО. „Убедени сме дека на почетокот на 2019 година, Македонија ќе биде на масата заедно со сите сојузници, земји-членки во Сојузот, а



веднаш потоа со успешно ратификуван процес ќе бидеме и 30. членка на НАТО-алијансата“, рече Шекеринска и изрази благодарност за посветеноста на Здружената команда во Неапол и НАТО-канцеларијата за врски во Скопје во поддршка на реформите и развојот на Армијата. „Како на одговорна команда за силите на НАТО за Косово, КФОР, можам да порачам дека Македонија со истата посветеност како и досега ќе продолжи да ја дава сета поддршка. Како и на нашиот состанок, и тука ќе ја потврдам нашата подготвеност да започнеме и со оперативна поддршка на силите на КФОР со штабни офицери од АРМ. Тоа го гледаме како шанса за придонес кон НАТО и како шанса да ја збогатиме нашата регионална соработка“, рече министерката Шекеринска по средбата. Таа додаде дека Македонија го продолжува и го засилува своето присуство и учество во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан, бидејќи цврсто веруваме во вредностите на Алијансата. Командантот на Здружената команда во Неапол истакна дека НАТО го цени исклучителниот напредок кој државата го направи изминатиов период и рече дека е дојдено времето Македонија да стане земја-членка на Алијансата. Адмиралот Фого додаде дека членките на НАТО се посветени на колективната одбрана и безбедност која ќе ја унапреди стабилноста на Македонија. Тој истакна дека НАТО-канцеларијата за врски, исто како и Командата во Неапол ќе продолжат да ги поддржуваат реформските зафати. „Репутацијата на вашите сили навистина е на завидно ниво и секогаш е добро да бидете дел од нашите операции и мисии“, рече адмиралот за припадниците на АРМ. Се заблагодари за придонесот на АРМ во Авганистан и изрази задоволство што Македонија размислува да го зголеми придонесот во оваа земја. Министерката Шекеринска, осврнувајќи се на резултатите во демократските и одбранбените реформи истакна дека Македонија и граѓаните, иако беа ставени пред сериозни предизвици, покажаа дека сакаат да живеат во демократска, слободна, стабилна и просперитетна земја. „Македонија беше наречена единствениот зрак надеж во Европа во текот на оваа година, бидејќи со храброст и со одлучност решивме да се справуваме со проблемит. Со мудри и храбри одлуки продолжуваме на патот кон НАТО, кој сега повеќе од кога било е близу до својата завршница“, рече Шекеринска. Додаде дека оваа година поканата на НАТО-самитот, започнатите и успешно завршените пристапни разговори покажаа дека Македонија знае, може и дека е решена да ги исполни своите стратегиски цели. Шекеринска рече дека Македонија покажа мудрост и во одбранбените реформи – го зголемивме одбранбениот буџет во 2018 година, а тоа го правиме и во 2019 година, успешно го завршивме Стратегискиот одбранбен преглед и веќе почнавме со негова имплементација. За време на средбата на началникот на ГШ на АРМ, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски со адмиралот Џејмс Фого, беше потврдена досегашната соработка со Командата на здружени сили на НАТО во Неапол, при што се разговараше за учеството и професионалноста на припадниците на АРМ во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан, како и за користење на капацитетите на армискиот полигон „Криволак“.




На 7 декември во хотелот „Холидеј ин“ во Скопје се одржа презентација на две истражувања и дебата за пристапувањето на Република Македонија во НАТО . Дебатата со насловна „Помеѓу фактите и фикцијата“ е дел од проектот „Граѓанска дебата за НАТО”, организирана и реализирана од страна на Институтот за европска политика, а финансирана од Министерството за одбрана на Република Македонија. На дебатата свои обраќање пред присутните имаа министерката за одбрана на Република Македонија, г-ѓа Радмила Шекеринска и директорката на Институтот за европска политика, г-ѓа Симонида Кацарска, а воедно беа презентирани индивидуалните истражувањата од г. Тимурленк Чековиќ и г-ѓа Ивана Велковска со коментари од вонред. проф. на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски” д-р Југослав Ачковски и г. Миле Бошков од Бизнис-конфедерацијата на Македонија. Јавно презентираното истражување на г-ѓа Ивана Велковска „Економските придобивки и предизвици од членството во НАТО”, опфати анализа на потенцијалните буџетски давачки за одбраната на Република Македонија при членство во НАТО, компаративна анализа на значајни економски индикатори, доброто владеење и ефектите кои придонесуваат за позитивни промени во економијата на земјите од регионот коишто се членки на НАТО, но кои според своите политички и економски карактеристики се споредливи со Република Македонија, (Бугарија,

# Помеѓу фактите и фикцијата



„На крајот, сè ќе зависи од нашите сили, сè ќе зависи од нашиот капацитет и моќ на граѓаните да им обезбедиме подобри шанси за живот!“

**Радмила Шекеринска**

„На глобалниот индекс на мирот сега се наоѓаме некаде на 89. место и мошне слабо котираме, а сите земји-членки на НАТО, од кои 15 се и членки на Европската унија, се меѓу првите 30 држави во светски размери.Немаме друга алтернатива освен НАТО!“

**Тимурленк Чековиќ, истражувач од безбедносниот сектор**

## Презентација на истражувања и дебата за пристапувањето на Република Македонија во НАТО

Хрватска, Албанија, Црна Гора, и Романија) пред и по влезот во НАТО. Трите тематски поглавја во истражувањето на г-ѓа Велковска понудија и одговор на три клучни прашња за потенцијалните ефекти од членството на Република Македонија во НАТО.

**1. Кои се буџетски импликации за Република Македонија доколку стане членка на НАТО?**

– удел во воениот буџет на НАТО;
– удел во цивилниот буџет на НАТО;
– удел во Инвестициска програма за безбедност на НАТО;
– одвојување на буџет за одбраната од 2% од националниот бруто-домашен производ најдоцна до 2024 година;
– почитување на правилото за трошење 20 % од средствата на одбранбениот буџет на воена опрема.

Уделот на Република Македонија доколку стане членка на НАТО во воениот и во цивилниот буџет и уделот во Инвестициската програма за безбедност на НАТО кои се пресметуваат по формула и во зависност од претпристапните преговори, апроксимативно би бил износ помеѓу 0,02% (удел кој Црна Гора го плаќа за НАТО) и 0,08% (удел кој Албанија го плаќа за НАТО) од националниот бруто-приход. За да ја реализира обврската за одвојување на 2% од БДП до 2024 година, Република Македонија ќе треба секоја година постепено да прави зголемување од 0,25% од БДП во следните пет години.

**2. Како членството во НАТО ќе влијае на економските индикатори ?**

Компаративната анализа на г-ѓа Велковска покажува пораст на бруто-домашниот производ, на странските директни инвестиции, пад на стапката на невработеност и зголемување на индексот на конкурентност на земјите по истекот на петте години од влезот во НАТО, но таа, исто така, укажува на внимателност помеѓу каузалноста и корелацијата на двете појави: влез во НАТО и подобрувањето на економските индикатори поради присуство на други фактори кои придонесуваат за подобрување на економијата.

**3. Дали со пристапување кон НАТО ќе се воспостават начелата на добро владеење и дали тоа ќе придонесе за позитивни промени во економијата?**

Во согласност со индикаторите на Светска банка: слобода и отчетност на политичка стабилност и отсуство на насилство/тероризам, ефективност на владата, квалитетот на регулативите, контрола на корупцијата и владеење на правото, земјите кои се предмет на компаративна анализа на истражувањето бележат подобрување, меѓутоа со напомена дека прецизното мерење на „НАТО ефектот“ е тешко поради бројноста на варијаблите, но гледано долгорочно, ефектите во економијата се позитивни и охрабрувачки.

Презентираното истражувањето на г. Тимурленк Чековиќ ги покажа безбедносните придобивки на Република Македонија од нејзиното пристапување во НАТО, односно процесите и предизвиците со кои се соочува Р. Македонија на национален и на меѓународен план, како и потенцијалните ризици од безбедносен и геостратегиски аспект.

Со мултидимензионален пристап преку хипотезите поставени во истражувањето, г. Чековиќ прикажа анализа на односите НАТО - Русија и нивното влијание врз стратешките приоритети на Р. Македонија, како и зајакнувањето на улогата на Р. Македонија во глобалната безбедност. Во поглед на придобивките од пристапувањето во НАТО во согласност со истражувањето беа прикажани не само директните туку и индиректните придобивки, ИТ и кибер-безбедноста, контролата на воздушниот простор и управувањето со кризи како клучни фактори. Во поглед на можностите кои ги нуди НАТО од аспект на безбедноста се акцентираа воениот развој, воведувањето на модерни воени стандарди, остварување на подобро рангирање на глобалниот индекс на мирот.

Дебатата беше заокружена со дискусија во која се вклучија претставници од политичката и експертската јавност, но заклучокот беше едногласен, како што и впочем истакна министерката, не треба да чекаме НАТО-членството да ни ги реши сите проблеми туку сами да се посветиме на внатрешните процеси во државата.

м-р Панде Димоска



# Симулациска вежба „SEESIM 18"

„SEESIM 18" е деветта од сериите вежби на која учествуваа Р. Македонија, Р. Романија, Р. Грција, Р. Украина, SEEBRIG и Р.Турција, која беше и земја-домаќин. Главната контролна група беше сместена во Истанбул, а земјите-учеснички учествуваа секоја од своја територија преку изграден компатибилен комуникациско-информациски систем со ефективно користење на компјутерско моделирање и симулации



Вежбата „SEESIM 18" претставува резултат на претходно осмислен планирачки процес во делот на цивилно-воените подготовки за справување со кризни состојби. Подготовките започнаа со првата конференција за спецификација на вежбата која се одржа од 27.02-01.03.2018 година, а последователно се одржаа уште три планирачки конференции, и тоа иницијалната во мај, главната во септември и финална координативна конференција од 30.10-02.11.2018 година, сите во Истанбул, Р.Турција. На вежбата се изврши тестирање на способностите за одговор при природни несреќи, терористички и сајбер-напади. Сценариото беше базирано на терористички и сајбер-напади и други од човек предизвикани природни катастрофи низ земјите од ЈИЕ. Вежбата ги стимулира националните центри за итни операции на земјите-учеснички и наменските инженериски сили на SEEBRIG да преземат суштински задачи и да ги тренираат одговорностите, неопходни да одговорат на националните и регионалните вонредни/кризни ситуации. Центрите за итни операции беа составени од цивилни и воени претставници од релевантните владини и невладини организации од земјите-учеснички. Нациите-учеснички развија регионални и национални инциденти во согласност со главното сценарио. Последиците од првичните настани беа доволно големи за неопходни барања на меѓународна помош. Главните цели на национално и на регионално ниво



на „SEEBRIG 18“ беа: промовирање на националните и интернационалните/ регионални подготовки и соработка помеѓу цивилните и воените власти, министерствата за внатрешни работи и владините и невладините организации при планирањето за итни ситуации во напорите да ги ублажи ефектите од терористичките активности, транснационалните закани или природните катастрофи; зголемување



на националните можности за одговор при вакви настани или активности. Специфичните национални цели се развиваа од индивидуалните земји во согласност со усвоеното општо сценарио и регионалните цели; извежбување размена на информациите помеѓу земјите и меѓународните организации. Организациската структура на вежбата се состоеше од главна контролна група со седиште во земјата-домаќин и контролни групи и центри за итни операции во секоја земја-учесничка на вежбата. Контролните групи на земјите-учеснички претставуваа линк помеѓу главната контролна група и центрите за итни операции. Целта на контролните групи на беше координација на сите остварени активности, комуникации, извештаи, брифинзи на центрите за итни операции во однос на вметнатите настани по сценариото. Центрите за итни операции претставуваа национални тела на земјите-учеснички составени од претставници од државни, јавни и невладини институции кои во согласност со позитивните прописи на самите земји се одговорни за справување со кризни ситуации.
Нашиот центар за итни операции беше лоциран во **Центарот за управување со кризи** и го претставуваше реалниот Главен штаб за управување со кризи во согласност со Законот за управување со кризи, а учество зедоа претставници од МО и АРМ, од министерствата за надворешни работи, за внатрешни работи, за финансии, за здравство, за транспорт и врски, за животна средина и просторно планирање, за земјоделство, шумарство и водостопанство, за образование и наука, за труд и социјална политика, за правда, за локална самоуправа, од Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Агенцијата за разузнавање, Дирекцијата за радијациона сигурност, Царинската управа, Управата за хидрометеоролошки работи, Градот Скопје, Црвениот крст на РМ и од АД ЕЛЕМ. Целта на центрите за итни операции беше давање соодветен одговор на настаните од утврденото сценарио на вежбата.
Нашиот Главен штаб за управување со кризи по претходно изработено сценарио одговори на 48 супозиции, од кои според глобалното сценарио на вежбата, 26 супозиции се однесуваа за сајбер-напад како субрегионален инцидент, односно се проигруваше извршена блокада на информацискиот систем на Интернационалниот аеродром во Скопје и на аеродромите во неколку земји од регионот, а исто така и хакерски напади на банкарскиот систем, на Фондот за здравствено осигурување и на Бирото за лекови, кои како последица предизвикаа парализирање на авионскиот сообраќај и страв и паника кај населението на земјата и 22 супозиции за експлозија во рафинеријата ОКТА, предизвикана од терористички напад, при што е настаната материјална штета и има загинати, повредени и раселени лица. Овие настани го поттикнаа Главниот штаб да ги презеде следните суштински активности и мерки: обезбедување на меѓународниот авиотранспорт и олеснувања при премин на границите во афектираните подрачја, развивање на меѓународното разузнавање за размена на информации, воспоставување на контролни мерки, координација при спасувачките операции, координација и соработка при размена на информации, нудење и прифаќање помош со други национални центри итн.
Во текот на реализацијата на вежбата во земјата-домаќин, односно во Истанбул се организираше ден на високи гости на сите земји-учеснички на вежбата. Гостите остварија заеднички и одвоени средби со организаторите и претставниците на земјата-домаќин и со другите делегации од земјите-учеснички. На средбите беше истакнато значењето на напредокот во комуникацијата, координацијата и користењето на стандардните оперативни процедури на национално и меѓународно ниво. Од извршената првична анализа се извлече следното како поука за „SEESIM 18“ групирано во две категории: **да се унапреди**: развивање на процедури за превенција и одговор на сајбер-напади; развивање на стандардни оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу земјите на SEDM; воспоставување и развивање на систем за командување со инциденти и **да се одржи (се прифаќа)**: добрата соработка помеѓу националните институции; одговори на зададените инциденти во согласност со Националниот план за итни/ вонредни состојби; добра соработка на релевантните национални институции со одговорните владини институции од земјите од регионот.
На завршната средба одржана со сите учесници од Р. Македонија на вежбата „SEESIM 18“, националниот координатор, д-р Тони Петрески, во своето завршно обраќање ги пренесе заедничките импресии дека вежбата заврши со голем успех и дека во потполност се остварени поставените тренинг-цели.

д-р Тони Петрески
м-р Здравко Јаковлевски





# Акција за пошумување

Припадници на АРМ од гарнизонот во Велес дадоа значаен придонес во акцијата за пошумување на голините на Велес, на ридот Вршник, организирана од страна на општината. Во акцијата на Вршник високо над градот на површина од 3 хектари беа засадени околу 6 илјади садници. Во акцијата учествуваа над 200 учесници: вработените во Општина Велес, јавните претпријатија и други општински институции, ЈКП „Дервен", Работна бригада „Кочо Рацин" од Велес, Здружението „Акцијаши" од Скопје, еколошки друштва и други здруженија на граѓани, претставници на СВР Велес и од ТППЕ и други. Најголем дел од младите дрвца, околу 3 илјади, беа багреми, обезбедени со средства од општинскиот буџет, а помал дел, околу 2 илјади дрвца од јасен и јавор, од ЈП „Македонски шуми",подружница ШС „Бабуна" – Велес. Посебен придонес за заzеленување на околината на Велес како и досега така и во оваа есенска акција за пошумување дадоа дваесет млади војници на доброволно служење во АРМ од велешкиот гарнизон „Алексо Демниевски-Бауман", односно од Командата за обука и доктрини, а во нејзин состав и Центарот за индивидуална обука – ЦИО. Војниците, од коишто половината во акцијата беа девојки – млади војници на доброволно служење во АРМ, заедно со својот претпоставен старешина, потпоручник Славчо Трајков, за брзо време, за неполни два часа, ги засадија предвидените садници на локацијата која претходно беше изорана и подготвена за пошумување. Сите тие, Иван, Леа, Стефан, Марија, Ивана и останатите учесници, за „Штит" ни изјавија дека се среќни и задоволни што и тие даваат свој придонес во оваа еколошка акција за пошумување на голините на Велес, која ќе значи и почист воздух. „Јас сум од Кочани , а во Велес во касарната сум втор месец и градот веќе го чувствувам како свој и многу сум среќен што и јас давам прилог за почист воздух и позелена околина. Јас и останатите војници бевме многу брзи и вредни и работата ја завршивме за неполни два часа. Се надевам дека еден ден кога пак ќе дојдам тука тоа ќе биде зелен појас од багремова шума која на сите посетители ќе им понуди убав престој, со убав поглед и чист воздух", потенцира Иван. Тој вели дека досега како ученик во својот роден град учествувал во акцијата „Ден на дрвото, засади ја својата иднина", а е посебно среќен што учествува во акција за пошумување како припадник на АРМ. Градоначалникот Аце Коцевски, кој заедно со вработените на Општина Велес и дел од членовите на Советот на Општина Велес активно се вклучија во акцијата за засадување млади садници, за медиумите оцени дека акцијата била мошне успешна. „Општина Велес после десет години првпат организира сопствена акција за пошумување надвор од акциите како што беа 'Ден на дрвото – засади ја својата иднина'. Јас сум многу задоволен бидејќи направиме убава и корисна работа и затоа упатувам благодарност до сите учесници, посебно до припадниците на АРМ од велешкиот гарнизон, односно до Командата за обука и доктрини, потенцираше градоначалникот Коцевски.Воедно, градоначалникот Коцевски најави дека оваа есенска акција за пошумување на голините на Велес ќе продолжи и на пролет.

Антоанела Димитриевска

# Континуитет во подготвеноста

Да се биде припадник на Полкот за специјални операции е голема одговорност и чест за секој припадник на АРМ. Да се биде дел од најелитната единица на АРМ значи и да се биде постојано подготвен, врвно обучен и ефикасен за исполнување на сите задачи, учество на национални и мултинационални вежби рамо до рамо со припадниците на армиите -членки на НАТО. И во текот на месец декември со своите активности специјалците промовираа врвна обученост и континуитет во подготвеноста за исполнување на сите предизвици










Шеснаесет држави, пет илјади и петстотини учесници, голем број на тенкови, хеликоптери и оклопни возила – една од најголемите вежби кои се организираа на полигоните на Хохенфелс, Германија, под раководство на армиските сили на САД за Европа. Значаен дел за успехот на оваа вежба беа и триесетте припадници на Полкот за специјални операции – македонските „Волци“ и „Ренџери“. Македонските специјалци, рамо до рамо со тимови од специјалните сили на САД, Украина и Бугарија во тешки временски метеоролошки услови реализираа различни видови на задачи како што се специјално извидување, директни акции, неконвенционално војување итн. Главни цели за време на вежбата за припадниците на Полкот за специјални операции беа градење на способностите, зголемување на интероперабилноста, како и зајакнување на врските помеѓу партнерските држави и сојузниците. Покажаните резултатите при реализирањето на поставените задачи уште еднаш го потврдија квалитетот, знаењето, професионализмот и стручноста на припадниците на Полкот.

Оваа вежба е само еден сегмент од активности кои во континуитет се одвиваат како дел од едукацијата, обуката и тренинзите на припадниците на пСО.

Во рамките на планираните активности за одржување и надградба на обуката, специјалните тимови на АРМ и МВР, заедно со инструкторски тим од морнаричките фоки од Армијата на САД, имаа експертска обука. Во петдневната обука која се реализираше на различни терени низ државата се доградуваа постоечките знаења со новините во тактиките, техниките и процедурите од процесот на планирање, медицинската обука, реализација на снајперски задачи, борба во урбана средина итн. „Волците“, „Тигрите“ и ЕБР повторно учествуваа заедно, овојпат на заедничка експертска обука. Покрај значењето на стекнатото знаење од оваа експертска обука, не помалку значаен е и факторот на продлабочување на соработката и врските помеѓу учесниците. Обостраната корист од овој вид обука ни дава за право да очекуваме ваквиот вид обука да продолжи и во иднина.

Во насока на унапредување на соработката во повеќе области, како и размена на искуства, Полкот за специјални операции беше посетен од страна на делегацијата од НАТО-командата за специјални операции. Домаќините ги запознаа гостите со мисијата, целите, декларираните сили и структурата на единицата, по што се премина на експертски разговори. За време на престојот во касарната гостите имаа средба и со претставници од Баталјонот за специјални намени и Ренџерскиот баталјон, каде што имаа можност да се запознаат со капацитетите и способностите на единиците.

Златко Блажески



# Средба со **Мирослав** генерал-потп пензија и акту Министерств

Постои непишано правило и стремеж кај припадниците на војската за највисок дострел во службата и секој старешина размислува, постојано се усовршува и сонува да го достигне врвот на напредувањето. Таа идејна водилка е значаен поттик во извршувањето на војничките задачи, а особено голем предизвик за секој воен старешина. Сепак, сонот да стане генерал секому не му се исполнува. Но, како го изодил овој долг и напорен пат и со кои предизвици се сретнал до остварувањето на највисокиот дострел, во спонтан разговор ни раскажа генерал-потполковникот во пензија Мирослав Стојановски, актуелен

Тврдењето дека работата го создала и го воздигнала човекот не е далеку од вистината, што се практикува и во животот. Всушност, станува збор за прифаќање на сознанието дека работата ги дава вредностите и доблестите што треба да ги поседуваме. Веројатно поради ваквото практично размислување и реалистичко сфаќање на животот, генерал-потполковникот Мирослав Стојановски и по завршувањето на работниот век во 2015 година, буквално од работа, повторно тргнал на работа. Можеби, пак, ова е поврзано и со војничката (офицерската) професија во која, ако те поведе матицата, не ти дава да се откажеш и мирно да ги поминуваш заслужените пензионерски денови...



## Стојановски, олковник во елен советник во ото за одбрана

советник на министерката за одбрана на Р. Македонија.

**Како некогашниот потпоручник Стојановски размислуваше да ја облече генералската униформа?**
– Секој од нас има амбиција да биде најуспешен во генерацијата, да постигне најдобри разултати и да биде соодветно унапреден и поставен на повисоки должности, процес каде што и школувањето има значајна улога во професионалниот развој. За да се оствари овој процес и да се достигне највисоката должност, сметам дека кандидатот треба да има посебни човечки особини и вредности со кои се издвојува од останатите.

Меѓутоа, значајна улога има и професионалната компонента, која во однос на нашето занимање дава печат во менаџирањето со сериозни процеси кои се обележје на оваа посебена професија. Затоа е голем дострел да се заслужи чинот генерал, но и посебна чест и одговорност да се биде на чело на институција како што е АРМ, која е составена од повеќе илјади припадници. Овој жив механизам непрекинато функционира 24 часа и затоа во извршувањето на разни должности во одбраната сум настојувал крајно професионално да се однесувам, првенствено водејќи сметка за заштитата на животите и здравјето на луѓето. Во извршувањето на поставените задачи, грижата за луѓето секогаш ми беше еден од највисоките приоритети при командувањето со единиците и исполнувањето на други обврски. И од овој аспект промовирањето во чин генерал и поставувањето на највисока позиција треба да биде заслужено и во реализацијата на таа цел постапката треба да биде објективна и коректна, пред сè, земајќи ги предвид квалитетите на кандидатот. Погубно е ако тоа биде израз на нечија политичка волја водена од некои други мотиви, што претставува големо оптоварување за поставениот, а може да има и негативни последици при функционирањето на институцијата..

**Низ професијата од командир на вод до началник на Генералштабот на АРМ извршувавте многу командни, советодавни и други должности. Која од нив Ви остави најголем впечаток и Ви овозможи во целост да се докажете како професионален војник, како личност, како човек и обичен граѓанин?**
– Професионалниот развој на секој офицер зависи од многу околности. Така, во зависност од нив е различен и развојот на старешините во кариерата. Мислам на тоа дали должностите ги извршува во мирновременски, во кризни или во воени услови. Но, да не заборавиме дека секој офицер за време на школувањето се подготвува за извршување на задачи во воени услови. Ние не ги бираме околностите во кои ги извршуваме должностите, туку тие во најголем број случаи се резултат на креирани општествени состојби кои неретко од политички прераснуваат во воени. Во однос на прашањето, сакам да истакнам дека добар дел од професионалната кариера поминав во специјалните единици (повеќе од 15 години). Секоја должност ме исполнуваше и не можам да издвојам некоја посебно. Секоја на свој начин ми беше значајна во мојот професионален развој, но и со посебно ниво на одговорност. Горд сум што бев во АРМ од формирањето и што остварив конкретен континуитет, особено на командни и раководни должности, почнувајќи од командант на единици за специјални намени, командант на бригада, заменик-началник и началник на Генералштабот на АРМ. Сето тоа ве прави да бидете подобар старешина и човек, да ги користите претходно стекнатите искуства, да посакувате да бидете пример за останатите, а граѓаните да ве препознаваат не само по тоа што сте биле началник, туку дека сте направиле нешто повеќе за АРМ и за својата држава.

**Што е тоа што може да се издвои како најголемо достигнување од тој условно кажано Ваш период?**
– Како началник на ГШ на АРМ во два мандати, заедно со останатите припадници на МО и АРМ, верувам дека позитивно сум влијаел врз одредени процеси и релации во



остварувањето на програмските цели поврзани со трансформирањето и подготовката на АРМ за достигнување на потребното ниво на интероперативност за влез во НАТО. Всушност, до Самитот на НАТО во Букурешт 2008 година, реформските процеси во МО и АРМ имаа особено висока динамика. Сите спроведени активности беа насочени кон достигнување повисоко ниво на подготвеност што требаше да резултира со добивањето покана за полноправно членство во НАТО. АРМ беше реструктуирана, со одреден степен на интероперативност и стана многу попрофесионална. Таа учествуваше во високо ризични мисии надвор од државата и беше препознаена, прифатена и почитувана како значаен партнер во мисиите. Сето тоа направи припадниците на АРМ да бидат најдобри амбасадори во афирмацијата на државата дома и надвор од неа. Зошто тогаш не добивме покана за членство во НАТО на сите ни е добро познато.



**Подготовките на АРМ за влез во НАТО континуирано се одвиваат, но дали сите услови се исполнети или сè уште има некои незавршени работи и задачи?**

– Постојат национални стандарди и критериуми кои секоја национална армија има обврска и се обидува да ги достигне. Тенденција е добрите стандарди да бидат прифатени и



споделувани. Прво, полезноста за АРМ од тоа е во исполнувањето на уставната улога на АРМ и извршувањето на институционалните мисии и задачи како гарант за заштита на националните интереси. Второ, за извршување мисии во НАТО со учесници од повеќе различни држави, неопходно е да се постигне потребното ниво на интероперативност. Стандардите не се еднаш засекогаш дадени. Тие постојано се развиваат и се приспособуваат на новите ризици и предизвици. Во тој контекст, АРМ изминатиов период направи огромен исчекор во прифаќањето, имплементацијата и примената на стандардите, што ја прави поспособна за функционирање и ангажирање во составот на меѓународните воени сили преку учество во заеднички мисии. Кога станува збор за реформските процеси, секогаш се исправаме пред нови предизвици и ќе има потреба од унапредување на постојните стандарди. Но, АРМ не е ништо помалку подготвена од некои други армии на државите-членки на НАТО. Процесот на трансформацијата трае и во НАТО-структурите, а со нашата трансформација се приспособуваме на реформските процеси на Сојузот. Значи, нема застанување, затоа што реформските процеси се патување кое нема крај.

**Армијата беше и остана предводник на реформите, но влегувањето во НАТО остана само неисполнета желба. Дали Преспанскиот договор ќе ни овозможи да го пречекориме прагот и да ѝ се придружиме на Алијансата?**

– Конечно, по 26 години самостојност – период исполнет со многу реформски процеси во кои во поголем дел АРМ беше лидер, се отвори нова перспектива и можност долгогодишниот сон да стане реалност. Ако се земе предвид дека главна пречка за интегрирање во НАТО и во ЕУ беше спорот за името што јужниот сосед го имаше со Република Македонија, потпишувањето на Преспанскиот договор е првиот предуслов за откочување на процесите за оваа интеграција. Доколку продолжи динамиката во исполнување на програмата за реформите, не гледам пречка РМ во 2020 г. да стане 30-тата членка на НАТО.

**Господине генерале, по завршувањето на работниот век во 2015 година, Вие буквално од работа, повторно тргнавте на работа. Веднаш се вклучувте во активностите на здруженијата од областа на безбедноста и одбраната, а набрзо следеше и Вашето повторно ангажирање во Министерството за одбрана?**

– Точно е тоа што го кажувате, но сакам да истакнам дека пензионирањето претставува посебен свечен чин и празник за секого бидејќи после долги години професионално и напорно ангажирање настапува нова фаза во животот кога се заминува на заслужен „одмор“. Привилегија е овој премин да се доживее и да се прослави со добро ментално здравје и физичка кондиција. Но, со чинот на пензионирањето не треба да се прекине врската со институцијата и да престанеме да ѝ враќаме на државата за она што го инвестирала во нашиот професионален развој. Тоа би било така во нормални околности и кога државата знае да ги препознае и да ги искористи нашите капацитети и способности, а ние сме должни да се ставиме на располагање и посветено да учествуваме и да придонесуваме во развојот на нашето општество. Оттаму, ја почитувам определбата на одредени здруженија од областа на безбедоста и одбраната за повремено ангажирање и учество во активности на кои се разговара за теми од интерес за одредени институции и за државата. Во тој контекст ја гледам и одлуката за моето ангажирање во Министерството за одбрана, повторно да учествувам и да придонесувам во процесите поврзани со подготовките за пристапување на Република Македонија во НАТО.

**На една неодамнешна трибина за Преспанскиот договор што се одржа во Домот на АРМ Вашиот настап предизвика мошне позитивни коментари кај учесниците. Можете ли да ја нагласите главната поента од Вашето излагање?**




– Излагањето го почнав со една мисла на Томас Џеферсон, идејниот творец на Уставот на САД, цитирам: „Повеќе ми се допаѓаат соништата за иднината отколку историјата на минатото“. Историјата навистина мора и треба да се почитува, но на минатото не можеме да влијаеме, а на иднината можеме и мораме. Понекогаш мора да се носат тешки одлуки, посебно оние кои се поврзани со обезбедување на подобра иднина и добросостојба на граѓаните и државата. Една од тие одлуки за продолжување на дијалогот е потпишувањето на Преспанскиот договор, кој претставува компромисно решение на спорот со Грција и услов за членство во НАТО. Но, кои се главните придобивки од оваа одлука: 1. Република Македонија како членка ќе биде во сојуз кој претставува моќ и сила и во кој се споделуваат вредностите и постигнувањата во сите области; 2. РМ ќе биде членка на Сојуз на слободни демократии со сите политички, воени и дипломатски предности; 3. Земјите кои се приклучиле на НАТО, а очекуваме тоа да биде и РМ, се во можност да ја зацврстат демократијата, да ја зајакнат нивната безбедност и да овозможат животите на нивните граѓани да бидат посигурни; 4. Членството во НАТО ќе го зацврсти суверенитетот на државата; 5. Добиваме место на заедничка маса и ќе бидеме во позиција да учествуваме во обликувањето на НАТО-политиките; 6. НАТО испорачува најефикасна одбрана на достапен начин и само неговите членки имаат можност да ги користат придобивките на колективната одбрана: 7. Стабилноста што ја овозможува членството во НАТО го поддржува просперитетот на државата и регионот во целина. Сепак, треба да се нагласи дека членството во НАТО не е само привилегија, туку и голема одговорност и значи подготвеност за исполнување на одредени обврски, кои целосно се дефинирани, реални и сеопфатни и треба да бидат транспарентни.
Во тој контекст ги истакнувам позначајните: 1. Потребно е да се прифати препораката на НАТО земјите-членки да издвојуваат 2% од БДП за потребите на одбраната. РМ, доколку сака да има мала, професионална, модерна и ефикасна армија, во блиска иднина мора да го обезбеди овој процент; 2. Потребно е да се направат измени, пред сè во Законот за одбрана и во Законот за служба во армијата; 3. РМ треба да обезбеди персонал за пополнување на командните структури на НАТО. 4. РМ мора да учествува во заедничкиот буџет на НАТО со процент кој е пропишан со формула и, пред сè, зависи од економската моќ на државата. Тој процент за нас е 0,0721 од вкупниот фонд на НАТО. Ова краткорочно вложување на РМ брзо ќе се претвори во долгорочни придобивки; 5. Со нашата армија РМ ќе треба да учествува во изведување НАТО-операции со декларираните капацитети и способности, како и во здружените вежбовни активности. Како заклучок на крајот сакам да поставам и да дадам одговор на едно прашање: Доколку не сме во НАТО, дали нема да имаме трошоци за потребите на одбраната?



Одговорот е да. Но, трошоците (обврските) се минорни во однос на она што ќе го добиеме како гаранција за безбедноста на државата и нашиот секојдневен живот и таа претставува клуч на нашата добросостојба.

**Какви се Вашите планови за понатамошно ангажирање и дали Ви останува време за порелаксирано минување на пензионерските денови и за исполнување на некое Ваше хоби?**

– Останувам и понатаму посветен поддржувач на реформските процеси во одбраната и членството на РМ во НАТО и расположен сум и подготвен за соработка во однос на остварувањето на овие цели. Што се однесува до слободното време, за разлика од времето на професионалниот ангажман, повеќе сум посветен на семејството и се обидувам на моите најблиски да им го надоместам тоа што порано не сум можел. Од одредени причини, за жал, се откажав и од мојата голема љубов – спортот, но затоа не се откажувам од моето второ хоби – риболовот.

Мендо Димовски



# Вооружените сили на Белгија

Кралството Белгија е федерална држава, составена од општини и региони. Кралот претставува симбол на единството на нацијата, со одредени задолженија во врска со одбраната на државата. Тој е врховен командант на вооружените сили (ВС), вообичаено со чин генерал или адмирал. Но, и покрај тоа, во случај на војна, најголемиот дел од белгиските ВС се под интегрирана команда на НАТО. Сепак, воената улога на кралот не го изгубила значењето. Една од неговите главни должности е обезбедување непречено функционирање на ВС, како и грижа за белгиските национални и меѓународни обврски во областа на одбраната. Главните безбедносни приоритети на Белгија се: зачувување на територијалниот интегритет, спречување терористички напади и модернизација на армијата. Исполнувањето на мисиите и задачите на ВС се во ингеренција на Министерството за одбрана, во чиј состав е и Одбранбениот штаб. Началникот на Штабот е на директна врска со министерот за одбрана. Штабот командува со армијата,

> Главните безбедносни приоритети на Белгија се: зачувување на територијалниот интегритет, спречување терористички напади и модернизација на армијата. Исполнувањето на мисиите и задачите на вооружените сили се во ингеренција на Министерството за одбрана, во чиј состав е и Одбранбениот штаб. Началникот на Штабот е во директна врска со министерот за одбрана



со персонал од околу 30.000, преку четирите команди на главните компоненти на армијата: копнената војска - COMOPSLAND, воздухопловните сили - COMOPSAIR, воената морнарица - COMOPSNAV и медицинската компонента - COMOPSMED.
Мото на белгиската армија е „Со луѓе, меѓу луѓето“.

## Копнена војска

Копнените сили се најбројна компонента, со персонал од околу 12.000, и во нејзин состав се: две пешадиски бригади (една механизирана и една лесна); полк за



специјални операции; три логистички единици; три баталјони за врски; пет центри за обука.
Од вооружување и опрема има:
– тенкови „Leopard“;
– борбени возила „Piranha“, „YPR765, Pandur“, LATV 4 x 4 и „Dingo 2“;
– артилерија: хаубици 105мм и минофрлачи 120мм и 81мм;
– ракети земја-воздух „Mistral“.

## Воздухопловни сили

Во состав на Военото воздухопловство се:
– 4 скварони борбена авијација;
– 2 скварони транспортна авијација;
– 2 скварони транспортни хеликоптери;
– скварон за обука;
– хеликоптерски скварон за барање и спасување;
– скварон беспилотни летала.
Опремени се со:
– авиони: борбени „F-16“, транспортни „C-130H Hercules“, „Falcon 20E“ и „Falcon 900B“, за обука „SF-260 Warrior“ и „Alpha Jet“;
– хеликоптери: „A109“ и „NH90 TTH“.

## Воена морнарица

Воената морнарица е составена од фрегати, патролни бродови, школски бродови и хеликоптери за барање и спасување.
Поморската компонента е дел од Адмиралитетот „Benelux“, белгиско-холандска комбинација на националните штабови на оперативната морнарица со заеднички персонал.

## Медицинска компонента

Основни задачи на медицинската компонента се: медицинска поддршка на воените операции, обука на персоналот и помош при природни катастрофи и несреќи.





## Одбранбени прашања

Белгија е активен член на НАТО и е домаќин на седиштата на Алијансата и на Врховната команда на сојузничките сили за Европа (SHAPE) во Брисел. Како членка на НАТО учествува со свои единици во НАТО-силите за одговор (NATO Response Force - NRF) и во Здружените сили на НАТО за посебни задачи со висока борбена готовност (Very High Readiness Joint Task Force - VJTF).
Од 2017 година, во состав на НАТО-силите за брза реакција (NATO Rapid Reaction Force - NRRF), белгиската армија учествува со борбена група и со комбинирана чета - персонал од 1.500 од копнената војска, шест борбени авиони „F-16“, еден хеликоптерски деташман и една фрегата.
Составот на комбинираната борбена

Белгија е активен член на НАТО и е домаќин на седиштата на Алијансата и на Врховната команда на сојузничките сили за Европа (SHAPE) во Брисел. Како членка на НАТО учествува со свои единици во НАТО-силите за одговор (NATO Response Force - NRF) и во Здружените сили на НАТО за посебни задачи со висока борбена готовност (Very High Readiness Joint Task Force - VJTF)

група (CABG), со персонал околу 1.200, зависи од мисијата што треба да ја изврши и од теренот на која е распоредена. Вообичаено се состои од:
– елемент за командување и контрола;
– маневарски баталјон, со персонал околу 500 (пешадија, оклопни возила за огнена поддршка, сопствени извидувачки капацитети и минофрлачи);
– елементи за борбена поддршка (артилерија, инженерија, ISTAR капацитети);
– елементи за борбено-сервисна поддршка (логистика, медицинска поддршка, комуникациски средства);
– други капацитети, потребни за одредена мисија (хеликоптери и беспилотни летала).
Комбинираната чета (CAC), со персонал околу 250 лица, исто така е со комбинирана структура.
Белгија ги поддржува и НАТО иницијативите за кибернетичка (сајбер) безбедност. Со Националната стратегија за одбрана ги дефинира и националните агенции вклучени во сајбер-безбедноста: Федералната единица за компјутерски криминал (FCCU) и Тимот за брзи сајбер-реакции (CERT.be). Службата за разузнавање и безбедност, исто така има одредени капацитети за таа намена.
Во операции за поддршка на мирот учествува во мисиите: MINUSMA во Мали, RSM во Авганистан, UNIFIL во Либан, EUTM во Централната Африканска Република, MONUSCO во Демократска Република Конго и со воени набљудувачи во UNTSO во Израел и OSCE SMM во Украина.



## Регионална соработка

Во областа на одбраната, Белгија е активна во реализацијата на многу регионални проекти. Најобемна соработка има со Холандија и со Луксембург:
– Од 2010 г. договор за користење на заедничкиот воздушен простор за обука на сопствените воени воздухоплови. Кон договорот се приклучиле и Франција, Германија и Швајцарија;
– Од 2012 г. договор за соработка во областа на заедничка воена обука, користење на воените бази и заедничка набавка на опрема;
– Во 2013 г. потпишано писмо со намери за заедничка контрола на воздушниот простор (air-policing). Во наредните години работат на реализација на проектот „Интегрирана воздухопловна компонента Benelux“, по интегрирањето на командите на поморските сили и заедничка поморска обука;

– Од 2015 г. набавка на воена опрема од „Елбит“ (Израел);
- Во 2018 г. потпишан Меморандум за разбирање за заедничка набавка на нови фрегати и бродови-минополагачи до 2025 г.;
– Од 2018 г. Меморандум за разбирање за формирање на Здружена команда за специјални операции (C-SOCC) за поддршка на операциите на НАТО. Се очекува Командата да достигне почетна оперативна готовност до 2019 година и целосна оперативна готовност до 2021 година. Кон договорот се приклучила и Данска.



**Модернизација на армијата**
Со долгорочниот план за модернизација на армијата, предвидено е опремување на единиците со нова опрема, со цел подигнување на борбената готовност

Со долгорочниот план за модернизација на армијата, предвидено е опремување на единиците со нова опрема, со цел подигнување на борбената готовност на повисоко ниво. До 2030 година, комбинираната борбена група и четата би биле распоредени во операции во рамките на EUBG, NRF и VJTF со адекватни структури

на повисоко ниво. До 2030 година, комбинираната борбена група и четата би биле распоредени во операции во рамките на EUBG, NRF и VJTF со адекватни структури. Со плановите е предвидено:
– модернизација на личното вооружување и комплетирање со нови тактички елеци, интегрирана комуникациска и информатичка технологија, уреди за ноќно набљудување, тешки митралези и лесни минофрлачи;
– трансформирање на артилериските единици во една батерија 120мм со голем дострел и една батерија 105 мм со краток дострел за борбена поддршка, способни за воздушно транспортирање;
– сите возила да можат да се транспортираат со транспортни авиони „А400М“. На тој начин се скратува времето на распоредување на сите борбени елементи на боиштето и се зголемува компатибилноста за вклучување на овие единици во состав на здружени состави;
– замена на борбените возила „Dingo 2“ и на транспортерите „Piranha“ со нови „Jaguar“ и „Griffon“;
– зајакнување на извидувачките елементи на маневарските единици со мини-беспилотни летала;
- опремување на инженериските единици со понтонирски мостови и опрема за отстранување на импровизирани експлозивни направи;
– модернизација на комуникациската опрема;
– трансформирање на логистичката поддршка во распоредливи модуларни елементи, приспособени на спецификите на секоја мисија поединечно и да може да се интегрира во мултинационална рамка.
По трансформацијата на специјалните сили, истите ќе се состојат од: група за специјални операции, група за поддршка (два ренџерски баталјони) и група за специјализирани средства.
Планирани се и средства за набавка на нова опрема за падобранство, амфибиски средства, опрема за нуркање, системи за мобилност на копно, специфично вооружување, оптика и друго.
Особено значење би имало формирањето на авијација за специјални операции, со четири летала способни за полетување од кратки и слабо подготвени писти (би можеле да бидат опремени за медицински евакуации и за поддршка од воздух).
Сегашните 54 борбени авиони „F-16“ се планирани за замена со нова флота „F-35“, почнувајќи од 2023 година.

М.С.



# Комуникации и јавна дипломатија на НАТО




Земјите-основачи на НАТО ја разбрале важноста од информирање со цел создавање соодветно јавно мислење. На 18 мај 1950 година, Северноатлантскиот совет ја издал резолуцијата со која се обврзал „да ги промовира и да ги координира јавните информации за унапредување на целите на договорот...” Во август истата година, била формирана скромна НАТО информативна служба со номинирање директор. Службата, слично како и останатиот дел од цивилната организација на Алијансата, не добила буџет до јули 1951 година. Таа ефикасно се развила во информативна служба во 1952 година, со формирање на Меѓународен штаб на чело со генерален секретар, на кој службата за информации првично била придодадена.
НАТО комуницира и развива програми со цел да помогне да се подигне свеста и разбирањето на прашањата поврзани со Алијансата и нејзините членки, а во крајна линија да се поттикне поддршката и довербата во организацијата. Бидејќи НАТО е меѓувладина организација, владите на одделни земји-членки исто

NCI AGENCY
NATO Communications and Information Agency
Agence OTAN d'information et de communication

НАТО комуницира и развива програми со цел да помогне да се подигне свеста и разбирањето на прашањата поврзани со Алијансата и нејзините членки, а во крајна линија да се поттикне поддршката и довербата во организацијата







така се одговорни за објаснување на нивната национална одбранбена и безбедносна политика, како и нивната улога како членови на Алијансата.
Одделот за јавна дипломатија во седиштето на НАТО ги усогласува сите активности на јавната дипломатија и ги координира комуникациските активности ширум целата организација. Воените команди и Меѓународниот воен штаб, исто така комуницираат за активностите во состав на нивната надлежност, а во согласност со договорените политики на НАТО. Комитетот за јавна дипломатија дејствува како советодавно тело на Северноатлантскиот совет за прашања поврзани со комуникацијата, медиумите и јавното ангажирање. Тој дава препораки до Северноатлантскиот совет за тоа како да се поттикне јавното разбирање и поддршка за целите на Алијансата.
Целокупното упатство и насока за комуникациските напори и информативните активности на НАТО ги обезбедува Северноатлантскиот совет, а специфични насоки и начела издава генералниот секретар. Двата органи се одговорни за целокупната насока на програмите за комуникации и јавната дипломатија за цивилната и воената страна на Алијансата. Комитетот на заменици на НАТО ги води целокупните стратегиски комуникации во име на Северноатлантскиот совет.

## Целта на комуникациите и дипломатијата

Главната цел на комуникациските активности на НАТО е да го промовира дијалогот и разбирањето, истовремено придонесувајќи кон запознавање на јавноста за безбедносните прашања, како и вклученоста на јавноста во континуиран процес на дебата за безбедноста. За да го стори тоа, НАТО се ангажира и заедно со медиумите развива програми за комуникации и јавна дипломатија за избрани групи, вклучително и лидери, академски и парламентарни групи, младински и образовни кругови.
Со текот на времето, програмите и политиката се приспособуваат на промените во политичкото и безбедносното опкружување, како и на техничките иновации кои имаат директно влијание врз комуникациската работа. Услугите за комуникација биле реформирани и реконструирани во бројни прилики за да се приспособат на различните потреби на информациското опкружување, како и на потребите на безбедносното опкружување. НАТО се обидува да ја достигне јавноста низ целиот свет преку своите различни платформи и активности на социјалните медиуми. Алијансата користи интернет-базирани медиуми и ангажман на јавноста, покрај традиционалните медиуми, со цел да ја гради свеста и поддршката за улогата, целите и мисиите на НАТО. Накратко, Алијансата користи интегриран пристап во комуникацијата и ангажирањето со пошироката јавност, поддржувајќи го генералниот секретар на НАТО во својата улога како главен портпарол на Алијансата.
Информативните активности на НАТО имаат интерактивна, двонасочна природа, овозможувајќи ѝ на организацијата да слуша и да научи од искуството на својата публика, да ги идентификува нивните грижи и полиња на интерес и да одговори на нивните прашања. Така, на пример, НАТО воспоставил информативни канцеларии во Москва и во Киев, за да го зголеми влијанието на својата работа и почесто да комуницира со својата публика. Исто така, постојат информативни точки во другите земји-партнери и т.н. „амбасади за контактни точки“, кои се амбасади на земјите-членки на НАТО лоцирани во земјите-партнери кои овозможуваат НАТО да се вклучи интерактивно со локалната публика.
Во седиштето на НАТО, членовите на Одделот за јавна дипломатија кои раководат со програмите за комуникација и јавна дипломатија, тесно соработуваат со Меѓународниот воен штаб и поконкретно со советникот за јавни работи и стратегиски комуникации на претседателот на Воениот комитет. Одделот за јавна дипломатија исто така работи со персоналот од двете стратешки команди – Сојузничка команда за операции и Команда за трансформација на сојузничките сили, кои комуницираат за операции, вежби и други активности под нивна надлежност. Интеракцијата помеѓу цивилната и воената страна на Алијансата е клучна за обезбедување кохерентен и конзистентен пристап кон комуникациите во рамките на целата организација.
Во НАТО постојат и успешно функционираат одредени центри преку кои се согледуваат искуствата и практиката и се врши обука за идните човечки капацитети на Алијансата. Центрите на извонредност (Centres of Excellence) се меѓународни воени организации, кои ги обучуваат и ги едуцираат лидерите и специјалистите на држави од земјите-членки и партнерите на НАТО. Еден таков центар е Центарот за стратегиски комуникации лоциран во Рига, Латвија, со единствена мисија во насока на развој и подобрување на стратегиските комуникации пред и после операциите на Алијансата. Работи и како центар за дебата во различни дисциплини: јавна дипломатија, јавни работи, военојавни работи, психолошки и информативни операции.

Драган Павловски



# Импликациите на руската „A2AD“ стратегија врз НАТО

Русија ја користи стратегијата „A2AD“ како дел од сеопфатениот приод за одвраќање и ќе ја искористи за да ја неутрализира воената предност на НАТО во време на мир, криза и војна. За време на мир руските капацитети „A2AD“, со оглед на нивното покривање на територијата на НАТО, стануваат потенцијална закана и ја ограничуваат слободата на движење на Алијансата дури и на сопствената територија. За време на криза, Русија би можела да се обиде да ги одврати воените активности на Алијансата преку покажување на способноста на „A2AD“, со истовремени вежби и воени подготовки. Покрај тоа, веројатно ќе ги искористи своите способности за сајбер/електронски војни за да ја намали ситуционата свесност и стратешкото предвидување на НАТО, преку попречување и заслепување на ИСР на Алијансата, радарите и комуникациите. Ова, исто така, ѝ овозможува на Русија да ја искористи иницијативата за одредување на текот на новата криза. Во конфликт, Русија

Руската стратегија „A2AD“ е специјално разработена за да се спречи формирањето на почетните сили на НАТО-оперативниот простор и заканите од следните НАТО-сили. Дури ако и силите на НАТО можат да бидат распоредени во просторот на операции, тие ќе се соочат со овие напредни системи во областа на оперирање






ќе се обиде да го изолира просторот на операбилност и ефективност од силите на НАТО додека ги дислоцира националните одбранбени сили и оние кои веќе се распоредени напред. Со оглед на системот на НАТО за реактивно засилување, би било јасно дека руската стратегија „A2AD“ е специјално разработена за да се спречи формирањето на почетните сили на НАТО-оперативниот простор и заканите од следните НАТО-сили. Дури ако и силите на НАТО можат да бидат распоредени во просторот на операции, тие ќе се соочат со овие напредни системи во областа на оперирање. Руската A2AD стратегија ќе предизвика драматични промени во слободата на дејствување (FoA). Во случај на конфликт, Русија ќе се обиде да го ограничи НАТО на (FoM) во распоредување на својот почетен, подобрен одговор и следење на силите на теренот на операциите и притоа да имаат релативна предност за да го обликуваат бојното поле. Нивото на закана што произлегува од предизвикот на „A2AD“ ќе влијае на видот на распоредувањето на единиците. Додека Русија ќе се обиде да спречи распоредување на НАТО, главните напори на НАТО би биле да ги концентрира своите сили на бојното поле. Во таа насока, развој на алтернативни методи на распоредување и заштита на линии на комуникации (LoCs) ќе биде од одлучувачка и важна задача. Треба да се бара подобар сеопфатен географски пристап за воените планови да ги надминат сложените и софистицираните предизвици на „A2AD“. Покрај тоа, овие планови треба да бидат создадени за развивање на потребното ниво на соработка и соработка во рамките на сојузничките сили (копнени, поморски, воздушни, специјални сили). Особено распоредувањето и маневарот на сили во средина на „A2AD“ треба да биде меѓу првите две ставки кои мора да бидат вклучени во вежбите на НАТО. Овие вежби ќе бидат многу клучни за откривање на недостатоците и да се обезбедат вредни повратни информации за да се создадат компетенции на високо ниво. Всушност, средствата како „A2AD“ ќе овозможат понатамошни активности за Русија.

## Што направи НАТО досега за да се спротивстави на овој уникатен предизвик?

НАТО и земјите-членки треба да развијат нови способности за да ги демонстрираат своите способности и одлучност за одвраќање, негирање, деградација и поразување на заканата од A2AD кога е потребно. По Студената војна, НАТО-нациите ги намалија трошоците за одбрана и им дадоа приоритети на конвенционалните способности, кои можат да се покажат како неефикасни против таквата напредна закана. НАТО и земјите-членки треба темелно да ги земат предвид предизвиците на „A2AD“ и да ги преформулираат нивните одбранбени буџети кои ќе им даваат приоритет на купувањето системи за оружје за да се соочат со опасното развивање на руските A2AD-зони во областа на интерес на НАТО. Моменталните мерки за осигурување можеби ќе треба да се менуваат соодветно. Целокупните ефекти на предизвиците на A2AD на функциите на бојното поле треба да се испитаат во однос со оперативни функции. Иако овие функции (маневар, огнена поддршка, воздушна одбрана, опстанок, разузнавање, поддршка на борбените служби (CSS), инженерство и команда, контрола, комуникација, компјутер и cyberwar (C5)) се претежно за земјишните армиски операции, тие исто така се многу важни за другите домени. Генерал Филип М. Бредлов, тогаш-SACEUR, сугерираше дека „НАТО мораше да се повлече за ги разгледаме нашите способности во воена смисла за да се одговори на предизвикот A2AD. Ова е за инвестирање. Ова е за обука“. Всушност, A2AD го преминува распонот на единствениот воен одговор и се сомнева во способноста на политичките мајстори и на војската ефикасно да соработуваат за да може да го поништи овој предизвик. Филозофијата на НАТО за борба против оваа закана брзо се откопа, но полека се развива. НАТО мора да ги засили и да ги заштити оние сојузници кои се најранливи на A2AD-способностите за одбрана. Ова особено важи за земјите-членки долж источниот дел на Алијансата, што исто така може да бара траен пристап на НАТО кон нивниот регион. Ова е подобрено преку напредно постојано присуството „може да се пополни како инцијатор т.е. активатор, со што секое регионално заплетување да претставува причина за потенцијал за ескалација“. Без сомнение, овластувањето на источниот дел на НАТО во неговата сегашна состојба и природата, не може да



претставува соодветна воена сила за справување со воената армија на Русија во траен и зголемен конфликт. Но, она што може да го постигне е зацврстување на посветеноста на НАТО на член 5 и затоа ја одвраќа Русија од какви било непредвидливи чекори или ескалирање на конфликтот. Во тој поглед, првиот случај што „заѕвони на ѕвоното“ на НАТО е украинската криза во 2014 година. Како одговор на украинската криза, НАТО се повика на Акциониот план за подготвеност (RAP), кој го подобри Концептот за реакција на силите на НАТО (NRF) со Здружените единици со многу висока подготвеност (VJTF) и обезбеди ревизија на одобрените планови за реализација (GRPs) со надеж дека ќе ги обезбеди сојузничките нации. Со извршувањето на овие планови, непријателот преку „A2AD“ природно се фокусира на распоредување на силите на теренот. Оттука, НАТО треба да може да се спротивстави на „A2AD“, создавајќи посакувана воздушна, земна или поморска ситуација која дозволува започнување на приод кон внатрешен и надворешен безбедносен поглед. Ако ова не може да се обезбеди надвор од зоната „A2AD“, потребните способности треба да бидат веќе распоредени за да создадат поволни околности. Активниот одговор на НАТО на рускиот предизвик „A2AD“ претставува многу релевантен иницијатор на политички импликации - не само на идните односи меѓу НАТО и Русија, туку и на внатрешната политичката ситуација во неколку земји на НАТО. Јасно, ненадеен пораст кај контрамерките може да предизвикаат ризик од конфликт - веројатно ја намалуваат и јавната поддршка. Подобрување на капацитетот на НАТО, не само на Балтикот, туку и надвор од самата област, треба на овој начин да бидат соодветно координирани и адресирани и широко распространети во јавноста. Досега НАТО ги развива плановите и врши развивање на своите техники, тактика и процедури според новата реалност. Вежби со соодветни цели за обука се спроведени во практика на терен. Со цел да се одговори соодветно на проблемот, овој феномен се дискутира и во академските средини.

Кои би можеле да бидат можните последици и нивно ублажување? Овие елементи претставуваат специфичен тест за воениот и политичкиот план кој учествува во неконвенционални борби. Ефективната неконвенционална војна наметнува долгорочен пристап, почнувајќи од нулта фаза пред конфликтот да избие. Обврските во нулта фаза се успешни затоа што бараат да се користат невоени инструменти за да го обликуваат оперативното опкружување, одвраќајќи го конфликтот од појавување. Сепак, тие испорачуваат малку резулатати што им се јасни на скептичната јавност; алатки на „мека“ моќ, на пример, дипломатија, економска помош и пропаганда кои бараат трпеливост и упорност, и не создаваат експлицитни, брзи покажувачи за триумф. Од стратегиска перспектива „A2AD“ заслужува да се изучува не само преку воената перспектива и поглед, но исто така и во поширок контекст. „A2AD“ опфаќа значаен дел од воената стратегија на Русија и користење на терминот „A2AD како самостоен акроним” . Ова едноставно ја потврдува филозофијата на употреба зад себе. Затоа, „A2AD“ феноменот мора да се земе предвид како контекст на новата генерација на војување на Русија. Фер оценување е да се каже дека многу задачи или работи



треба да се решат пред да се справат со „А2АD“ и поголемата предноста на Русија во активностите во фаза „нула“. Иако може да има воената соработка во НАТО повеќе ресурси на располагање отколку противникот, можеби нема да бидат доволни за да се спротивстават на новата генерација на војување на Русија. Како што напиша Александар Свечин, „Неверојатно е тешко да се предвидат условите на војната. За секоја војна потребно е да се развие одредена линија за нејзиното стратешко однесување. Секоја војна е единствен случај, барајќи воспоставување на одреден логика, а не примена на некој образец “. Затоа, НАТО не треба да се адаптира само во оперативни и тактички аспекти, но исто така и кон концептот на новата генерација на војување на Русија. Од оперативна перспектива, Русија работи на напредна воздушна одбрана не само внатре на нејзината територија, туку од локациите во Сирија и на Крим, како и преку соработка во заедничката мрежа за воздушна одбрана во Белорусија и во Ерменија. Русија може да ги употреби овие системи за да ја попречат способноста на САД да ги бранат своите сојузници од НАТО со нарушување на способноста на американските воздушни сили за пристап до конфликтните зони за време на кризата.
Иако предизвиците на „А2АD“ во Црното Море и во Источниот Медитеран не го зголемуваат нивото на загриженост (првенствено поради достапноста на различни „рути“ за сојузнички засилувања и снабдувања) како калининградско-балтичкото опкружување, а нивното присуство би можело да претставува значителна тешкотија за модалитетот на континуираните мисии на НАТО

НАТО мора да ги засили и да ги заштити оние сојузници кои се најранливи на„ А2АD“ способности за одбрана. Ова особено важи за земјите-членки долж источниот дел на Алијансата, што исто така може да бара траен пристап на НАТО кон нивниот регион

подоцна. Од тактичка перспектива, руските сили, со оглед на воената супериорност на НАТО, работат на развивање на асиметрични средства на „А2АD“. Најважните од овие средства се состојат од ракетните системи S-300/S-400 и Bastion-системите. Распоредувањето на такви системи во различни региони (Балтичкото Море, Крим, Артикот, Сирија) на континуиран начин е парче од руската стратегија за избегнување на операциите на силите на НАТО во државите на границата со НАТО и во областите оценети од Москва како нивни стратешки области.
Членките на НАТО треба да развијат заедничка стратегија и да инвестираат во ресурси и системи на оружје со кои би можеле да ги скршат А2АD-системите, т.е. оружја во приправност. Воздухопловните сили на НАТО-членовите побаруваат голем број мали и прилично евтини беспилотни бродови кои можеле да се преправат дека се борбени авиони (минијатурни воздухопловни макети, МАЛД) за да го залажат или неутрализираат антиракетениот систем, што може да биде одлучувачко решение. Во овој круг НАТО треба да размисли за развивање на способности во борбата против



„А2АD“ во нејзиното планирање на одбраната (NDPP – НАТО процес на планирање на одбраната)
Накусо, НАТО треба да ги анализира предизвиците кои произлегуваат од руската А2АD-стратегија и да се подготви со развој на offset-стратегии. Ефикасното одвраќање би било многу важно за да се спречи руската агресивност. Со цел да се постигне и да се задржи ефикасно одвраќање и задржување, НАТО треба да бара развој на софистицирани способности, стратегија и доктрина за да ја демонстрира својата способност и решителност. Ова барање треба да го забрза развојот на способностите и планирањето на одбраната. Од друга страна, сеопфатен пристап против руската стратегија „А2АD“ е задолжителна. Сите инструменти на власта (на пример, политички, дипломатски, економски, информативни, воени) треба да се применат кохерентно. Воената моќ треба да се користи заеднички, со вклучување на воздушни (со простор), копнени и поморски сили во сите домени на операции за време на мир, криза и војна.

д-р Александар Петровски






# Етичката дилема на противтероризмот

Модерните држави дури во дваесеттиот век ја вметнаа моралната димензија на војната во воените доктрини, и тоа само како резултат на развојот на меѓународното право и односи. Денес современите војски во светот се обврзани да ги почитуваат правилата на војување кои се пропишани и задолжителни за државите-членки на Обединетите нации. Ова е идеална, посакувана состојба, која во реалноста има друга форма. Сè уште низ светот има нестабилни, неразвиени и одметнати држави во кои војната е брутална, сурова и без правила. Во многу конфликти во светот дури и организираните војски прават сериозни прекршувања на етиката во борба. Но најголемото прекршување на правилата на војување го прават оние поединци, групи и организации кои поради тоа и се издвојуваат и се третираат како посебна категорија: тероризам. Нивната борба исклучува каков било морал и обѕири околу начинот и формата

Денешната воена историја располага со бројни докази дека и во најстарите времиња, за време на војна, отсекогаш постоеле одредени непишани правила на војување. Постојат историски примери за воспоставени обичаи и норми меѓу завојуваните страни, што значи етиката во време на војна секогаш била присутна во поголема или помала мера



на вооружено насилство, бидејќи е намерно насочено кон убивање на цивили.
Денес државите кои се инволвирани во борбата против тероризмот се соочуваат со ограничувања кои самите си ги задаваат. Тоа се правилата на однесување во војна кои произлегуваат од меѓународно договорени норми за тоа што смее, а што не смее да се прави во борба, дури и против терористи. Стратегиски предизвик за современата оперативна вештина е како војската да се бори во рамки на меѓународното право против противник чија стратегија е намерно да го крши. Терористите не бираат средства, методи и цели за да ја остварат нивната посакувана крајна цел. Иако постојат преку сто дефиниции за тероризам, директно или индиректно во сите се истакнува дека тоа е чин на оној поединец, група или организација кои ја исклучуваат моралната димензија во борба. Во својата стратегија, терористите често го користат населението како жив штит и дејствуваат во густо населени места. Практиката покажува дека терористите намерно и плански бираат цели во градовите каде населението е пофреквентно, како на пример елементи на системот за јавен превоз, пазари, државни институции кои се помалку обезбедени.
Неконвенционалното војување во кое постојат елементи на бунтовништво и тероризам е стратегиски проблем за секоја војска, бидејќи предизвикува етички дилеми во нивните општества. Ниеден современ војник не е имун на ваквиот вид насилство. Од највисокото стратегиско ниво, преку оперативното и тактичкото, сè до последниот војник на боиштето, постои ситуација на етичка дилема која може да чини животи. Војниците се соочуваат со ситуации во кои треба брзо да одлучат дали треба или не треба да употребат смртоносна сила, во каква форма и со кој интензитет. Во конвенционална војна оваа дилема е поретка бидејќи се работи за отворен конфликт во кој противникот е видлив и полесно се идентификува. Меѓутоа, во неконвенционална борба во која војската користи тактика на противбунтовништво или противтероризам, насилството, иако е со помал интензитет, може да има големи ефекти врз етиката во борба. Цивилното население секогаш ќе се најде во вкрстен оган, но во конвенционален судир тоа полесно се разликува од борците за разлика од случаи во кои се вклучени бунтовништво или тероризам.
Од етичка гледна точка, противтерористичката тактика не смее



да опфаќа безусловно убивање на терористите како казна за стореното дело. Во секоја воена операција, дури и кога целта се терористи, мора да постојат правила на војување. Иако во практика нема два идентични случаи и секогаш ситуацијата се сведува на решавање на „ad hoc“ морална дилема, постојат одредени принципи кои е пожелно да се следат за борбата против тероризам да биде легитимна. Прво, употребата на сила треба да биде како крајно средство; второ, убивањето треба да биде крајно средство при самата употреба на сила; трето, кога веќе мора да се употреби сила, тоа треба да биде што е можно попрецизно за да не дојде до колатерална штета и четврто, кога веќе мора да се употребува сила, тоа да биде одлучно и брзо за да послужи како пример за одвраќање на идните терористи.
Речиси сите политичари и војници се сложуваат дека општествата не смее да му се предадат на теророт. Тоа оди во крајност дека со терористите не треба да се преговара, што прави погрешна перцепција за изворот на проблемот. Неморалот на тероризмот не значи дека тој е нерационален акт. Терористите имаат крајна политичка или идеолошка цел, меѓутоа бираат да користат неограничено насилство за да го остварат тоа. За разлика од недржавните актери, современите војски се стремат да одржат висок етички стандард при употреба на вооружено насилство, дури и во





Образованието е клучно за да се победи тероризмот, но не само за војската, туку и за цивилното општество. За да се заштитат културата и вредностите на општеството, мора да се консолидира националната решителност, што подразбира подготовка на населението за долготрајна борба против тероризмот. Бидејќи таа е војна до исцрпување, не е доволна само физичката сила туку и нејзината праведност

борбата против тероризмот. Меѓутоа практиката покажува дека интензивната употреба на војските во урбана средина резултира со постепено намалување на сетилата кај војниците во однос на цивилното население. Во долгата војна против тероризмот и безброј непредвидливи напади, во Ирак, во Авганистан и во Сирија, секој цивил во очите на војниците е под сомнеж дека е терорист. Ова во суштина е една од целите на терористите, намерно „замаглување“ на границата меѓу терорист и цивил. За терористот потешко да се идентификува, тој намерно се крие меѓу цивилното население, кое поради тоа станува сомнително, а во текот на борбените дејства често се користи како жив штит и завршува како колатерална штета.



Терористите имаат сосема различен етички кодекс, додека од современите војски се бара да се воздржуваат и да се придржуваат на својот. За да се постигне ова, војниците се обучуваат дека моралната борба е подеднаква важна колку и физичката борба. За време на противтерористички операции од голем размер, цивилите секогаш се морален центар на гравитација. Во оперативната вештина, нивната доверба и поддршка не е само посакувана крајна цел туку и одлучувачки момент за време на операциите. Доколку сметаме дека војната против тероризмот е апсолутно легитимна и во суштина претставува самоодбрана, тогаш борбата против тероризмот може да се смета како борба за опстанок. Оттука произлегува старата дилема, дали целта ги оправдува средствата т.е. дали може да се заобиколат одредени правила на војување за да се победат терористите кои со тоа што не почитуваат никакви правила, навлегуваат во парадигмата на тотална војна.

Овој предизвик се надминува во современите војски со едукација на војниците дека целта не е доволно само да се победи физички, туку и морално, дека треба да се победи чесно и да се задржат општествените норми за кои всушност се бориме против тероризмот. Можеби најголем предизвик во противтероризмот е моралната фрикција во случај на самоубиствени напади: каков треба да биде односот со терористите-самоубијци кои не само што не го вреднуваат туѓиот живот, туку и својот. Сведочењата на војници кои се соочиле со бомбаши-самоубијци, укажува дека кај преживеани од ваква средба, се формира став дека оваа категорија на луѓе не заслужува да биде човечки третирана. Кај војниците се јавува страв, фрустрација, бес и желба за одмазда, емоции кои не одат во прилог на постигнување на крајната цел на операцијата. Доколку на ова се додаде факторот возраст кај просечен војник и неговата „црно-бела“ перцепција на светот околу него, борбата против тероризмот има премногу замки кои може да ја компромитираат етиката. Затоа противтерористичката стратегија мора да биде со ограничувања, широка визија и флексибилност на методите, тактиките и техниките. Факт е дека тероризмот нема ограничувања, и терористите ова ќе го злоупотребат но, сепак, етиката во војна е она што ги разликува добрите од лошите. Поради сите овие различни фактори, воеността лидерство мора постојано да вложува напор да обезбеди војниците да се придржуваат на принципите, вредностите и правилата

на современото општество, имајќи ја предвид сложеноста на борбата против терористите и оперативната вештина за справување со неконвенционален противник. Легитимноста на воените дејства мора да задоволи три нивоа на етика: личната етика, етиката на својата држава и етиката на меѓународната заедница.
Тактичкото ниво го опфаќа исполнувањето на првото ниво. На оперативно и на стратегиско ниво, одговорноста ја имаат повисоките команди и штабови со цел да се исполнат другите две нивоа. Тие се под влијание на внатрешната и надворешната политика, како и на политичката коректност која е одраз на современите општествени односи. Колку повеќе има политичка коректност, толку повеќе се влијае на процесот на донесување одлуки да се застапува етиката во борба. Правилата на војна се сведуваат на еден централен принцип: потребата да се разликуваат борци од неборци. Образованието е клучно за да се победи тероризмот, но не само за војската, туку и за цивилното општество. За да се заштитат културата и вредностите на општеството, мора да се консолидира националната решителност, што подразбира подготовка на населението за долготрајна борба против тероризмот. Бидејќи таа е војна до исцрпување, не е доволна само физичката сила туку и нејзината праведност.
Во оваа ера на т.н. судир помеѓу цивилизации во кој доминираат бунтовнички движења и тероризам, постои суштинска потреба Западот да биде етички јасен, да не отстапува од почитување на правилата во војна, да го штити меѓународното право и да ги казни оние режими и организации кои ги предизвикуваат овие вредности. Меѓутоа, ова треба да се направи без да се повредат истите т.е. да се спроведе противбунтовничката стратегија без да се повреди етиката во војна. Сите современи војски се залагаат за поголемо образование на војниците со цел да го сфатат социјалниот и културолошкиот момент на модерното војување. После долгогодишниот конфликт во Ирак и во Авганистан, постои ургентна потреба од сеопфатна стратегија која вклучува повеќе аспекти на општеството за справување со заканата од тероризам. Тие директно се спротивставуваат на етиката на Западот со намера да испровоцираат нејзино прекршување. Западот веќе започна да се откажува од некои вредности и да ја жртвува слободата на сметка на поголема безбедност.
Разликата меѓу нашите вредности и отсуството на вредности на терористите е толку забележителна што може да



После долгогодишниот конфликт во Ирак и во Авганистан, постои ургентна потреба од сеопфатна стратегија која вклучува повеќе аспекти на општеството за справување со заканата од тероризам. Тие директно се спротивставуваат на етиката на Западот со намера да испровоцираат нејзино прекршување. Западот веќе започна да се откажува од некои вредности и да ја жртвува слободата на сметка на поголема безбедност

се идентификува како фундаментално изненадување на боиштето. Иако самоубиствените напади се очекувани во зоните на операции, тие и понатаму претставуваат голем шок за западниот војник. Овој културолошки јаз најверојатно и нема да се надмине уште долго време. Психологијата на бомбашите-самоубијци е многу подлабока од објаснувањето дека се работи само за религиски фанатизам. Непријателот е премногу различен за да се објасни само со западната научна мисла. Од суштинско значење за креирање на правилна оперативна вештина против тероризмот е да се признае дека сѐ уште не можеме целосно да ги сфатиме терористите, особено оние кои се жртвуваат во нападите.

д-р Ѓорѓи Вељовски



„Можеме да имаме заедничка цел, можеме да имаме заедничка музика која ја создаваме, а притоа секој да го донесе најдоброто што го има!”
**Рамила Шекеринска**

# Пријателство, меѓусебна соработка и професионализам

# „Три армии



Воениот оркестар на АРМ оваа година за прв пат заедно со Воениот оркестар на Црна Гора и Гардискиот оркестар на Република Бугарија на 11.12.2018 година во Домот на АРМ во Скопје го одржаа традиционалниот предновогодишен концерт. Маестралната изведба на трите оркестри ја следеа: претседателот на Собранието на Република Македонија Талат Џафери, премиерот на Владата на РМ Зоран Заев, заменичката на претседателот на Владата на РМ и министерка за одбрана, Радмила Шекеринска, началникот на ГШ на АРМ, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, началникот на ГШ на Војската на Црна Гора, бригаден генерал Драгутин Дакиќ, државниот секретар во МО на Црна Гора, г. Слободан Филиповиќ, министри во Владата на РМ, пратеници, поранешни министри за одбрана, како и поранешни началници во ГШ на АРМ, претставници на верските заедници на РМ, претставници на военодипломатскиот кор акредитирани во РМ, активни и пензионирани генерали на АРМ, припадници на МО и АРМ и штитениците на малата група од Домот „25 Мај”. Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, се обрати пред присутните, ги поздрави и со задоволство ги истакна предизвиците но и успесите кои ја одбележаа 2018 година, поканата за членство во НАТО-алијансата и завршувањето на пристапните разговори, притоа напоменувајќи дека армиите веќе ја демонстрираат лекцијата за обединување.

Со поп и рок-мелодиите: „Thriller” и „Final countdown” и тема од три познати нумери од култната поп-група АББА, приспособени за оркестарска изведба, а под диригентската палка на мајор Горан Илијевски, беше означен почетокот на




предновогодишниот концерт. Вториот блок беше исполнет со нумерите „Puttin on the Ritz”, „Holliday in Rio”, „Alte Kameraden Swing” и познатата бугарска композиција за дувачки оркестар „Хоп троп”, под диригентската палка на диригентот, поручник Лачезар Крстев, заменик-диригент на Гардискиот оркестар на Вооружените сили на Република Бугарија.Концертот беше збогатен со изведбите на Кристина Арнаудова и на Бени Шакири, а присутните уживаа во мелодиите „Кажи нешто драга” и „All I want for Christmas is you”. Радетскиот марш, придружен со симболичниот аплауз за време на изведбата, го означи крајот на предновогодишниот концерт на „Трите армии”.

Диригентот на Воениот оркестар на Армијата на Република Македонија, мајор Горан Илијевски, ни пренесе дел од своите впечатоци : „Овој предновогодишен концерт отвори нови перспективи  за соработка со армиите на соседите, армиите од регионот но и пошироко, а АРМ и Министерството за одбрана со својот кадровски и институционален капацитет уште еднаш докажаа дека се подготвени за реализација на настани од кои се бара високо ниво на професионалност. Концертот „Три армии“ беше повеќе од концерт, повеќе од музицирање на сцена во одреден временски интервал, тоа првенствено беше средба и дружење на воени музичари од три различни армии со свои специфични начини на работа, кои создадоа еден голем дувачки оркестар респектабилен по бројност и квалитет! Незаборавно е чуството кога пред себе имате музичари во различни униформи, но сите со погледот вперен кон вас и подготвени за квалитетно музицирање и пренесување на она што го научиле!“

м-р Панде Димоска

# „Посејдон“, руско нуклеарно дрон-торпедо

Посејдон“ е океански повеќенаменски безпосаден подводен систем (дрон-торпедо) на нуклеарен погон, опремен со нуклеарна или класична боева глава, кој се карактеризира со голема пловна брзина, голема длабочина на пловење и интерконтинентален дострел. Неговата основна намена е напад на крајбрежни цели, како градови, воени пристаништа, важни економски цели, но и групи на бродови-носачи на авиони. Развојот на новото оружје започнува во 2014 година, со потпишување на договор помеѓу МО на Русија и ЦКБ МТ ,,Рубин”, а проектот е заведен под шифрата „Цефалопод“. Ова оружје за првпат од западните служби е забележано на 9 ноември 2015 год, кога на состанок во Сочи помеѓу претседателот Владимир Путин и главните руски генерали случајно е прикажана снимка од телевизијата НТВ, на која во рацете на еден од генералите е сликата од новото дрон-торпедо. Инаку дрон-торпедото е водено и како програма „Статус-6“, а од НАТО под кодното име „Kanyon“, а сегашното име „Посејдон“ официјално го добива во март 2018 година. Според неофицијални извори „Посејдон“ се планира да биде воведен во употреба 2027 година. Според експертите, „Посејдон“ е опремен со 3Д-сонар од нова генерација, кој има можност за препознавање на подводни објекти. Торпедото поседува товарен простор со должина од 6,5 m, во кој може да се вгради термонуклеарна боева глава, со моќност од 2 мега тони до 100 мега тони. Термонуклеарната боева има слој од кобалт-59, кој со детонација ќе биде претворен во високо радиоактивниот кобалт-60. Според неофицијални извори, погонот на „Посејдон“ поседува стелт-принцип на работа со 2 режими на моќност, односно со мала и голема моќност. Но, ваквиот принцип на работа според експертите е можен само со реактори кои имаат поладен или течен метал, со можност да издржат екстремни загревања од неколку илјади степени без да се создадат големи термални експанзии. Исто така, најверојатно во „Посејдон“ е вграден и нов систем за кавитација, кој овозможува голема подводна брзина на движење со создавање гасен воздушен меур околу торпедото, кој во голем степен ја анулира природната густина и отпор на водата. Според руски извори, „Посејдон“ може да се движи со подводна брзина од 185 km/h, а според други извори до 130 km/h. Според сегашните планови „Посејдон“ треба да го користат 2 подморници, и тоа: подморницата „Проект 09852 Белогород“ (од класата Оскар II), со можност да носи 6 торпеда и подморницата „Проект 09851 Хабаровск“, со можност да носи од 4 до 6 торпеда. Посејдон ќе може самостојно да патролира по океаните или да се користи од најновите подморници кои претходно се наведени. Кога ќе треба борбено да дејствува, нема да се дејствува директно на целта со експлозијата, туку индиректно.Создадената нуклеарната експлозија на одредена далечина од брегот (или целта) треба да предизвика разорно радиоактивно цунами (со височина од 500 m, ако боевата глава е од 100 мега тони), каде кобалтот-59 со детонацијата ќе биде претворен во високо радиоактивниот кобалт-60 кој ќе го потопи копното (целта), создавајќи огромни површини со радиоактивна контаминираност и неможност за живеење. Сепак, на оваа закана САД почнуваат да размислуваат за контрамерки и тактики за одбрана. Се размислува за создавање на мрежа од фиксни и воздушно исфрлени подводни хидрофони (по приемерот на SOSOS од Студената војна за детекција на подморници), кои би требале да бидат опремени со мини-торпеда кои ќе бидат лансирани на команда. Исто така, се размислува за создавање на хиперсонични оружја кои би се лансирале од подморниците од класата „Вирџинија“, кои со својата брзина би можеле навремено да дејствуваат во пресретнувањето на „Посејдон“ штом биде детектиран. Се размислува и за развивање на нова генерација тешки торпеда, кои ќе носат товар од повеќе помали торпеда кои кога ќе бидат лансирани секое независно ќе го ,,лови” и борбено ќе дејствува по „Посејдон“. Но, се размислува и за тактиката лов на подморниците-носачи на торпедата „Посејдон“ и борбено дејство врз нив, пред да ги лансираат торпедата „Посејдон“.

Ивица Дамески






**Сл.1 Пресек на нуклеарното дрон-торпедо „Посејдон“**

1. Пропелер со неговиот млазник
2. Менувач (трансмисија)
3. Парна турбина
4. Нуклеарен реактор
5. Систем за наведување, навигација и контрола
6. Детонатор
7. Простор за термонуклеарната боева глава
8. 3D-сонар за препознавање и избегнување на подводни објекти

## Сл.1 Пресек на нуклеарното дрон-торпедо „Посејдон“




## Сл.2 Начин на дејство на „Посејдон“




**Сл.2 Начин на дејство на „Посејдон“**

1. Подводна нуклеарната експлозија на одредена далечина од брегот каде кобалтот-59 со детонација ќе биде претворен во високо радиоактивниот кобалт-60
2. Создадено разорно радиоактивно цунами со височина од 500 m кое ќе го потопи копното, создавајќи огромни површини со радиоактивна контаминираност




| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАТЕРИСТИКИ НА „ПОСЕЈДОН“ | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 24 m |
| ДИЈАМЕТАР | 1,6 m |
| ПОГОН | Нуклеарен реактор и парна турбина |
| ПЛОВНА БРЗИНА | 185 km/h |
| ПЛОВНА ДЛАБОЧИНА | 1.000 m |
| АВТОНОМИЈА НА ПЛОВЕЊЕ | 10.000 km |
| ПРОСТОР ЗА БОЕВАТА ГЛАВА | 6,5 m |
| ЈАЧИНА НА ТЕРМОНУКЛЕАРНАТА БОЕВА ГЛАВА | од 2 мега тони до 100 мега тони |



# „EUROCOPTER AS532 COUGAR“

Хеликоптерот „Cougar AS532“ е надградба на „Aérospatiale SA330 Puma“ во својата милитаризирана форма, а неговиот цивилен партнер е „Eurocopter AS332 Super Puma“. Хеликоптерот е застапен во 28 воени воздухопловства, 8 пешадиски и 5 поморски сили со над 350 нарачки за различни модели и конфигурации. „Cougar“ претставува вооружена варијанта, развиен за поддршка на армиските сили со транспорт на трупи, за пребарување и спасување, како и за воздушно набљудување.

Во текот на шеесеттите години на 20 век со развој на хеликоптерот „Ми-8“ од страна на СССР, француската компанија „Aérospatiale“ во соработка со британската „Westland“ ја започнале соработката за моделирање на хеликоптерот „SA330 Puma“. Подоцна, во 1974 година, започнале со развој на нов среден транспортен хеликоптер врз основа на претходниот модел „SA330 Puma“, а проектот бил јавно објавен на саем во Париз во 1975 година. „Super Puma“ стартувал со летање во 1978 година како наследник на „SA330 Puma“. „Eurocopter AS332 Super Puma“ е хеликоптер со двојни мотори, развиен и првично пласиран од „Aérospatiale“, подоцна од „Eurocopter“, а во моментов од „Airbus Helicopters“.

> Хеликоптерот „Cougar“ е дел од компанијата „Eurocopter“ и е познат под ознаката „AS532“. Тој е средно тежок, повеќенаменски хеликоптер, развиен во Франција

Во август 1983 година, француската





влада создала нови реакционерни сили т.н. Force d'Action Rapide, со цел да ги поддржи француските сојузници, како и да придонесе за ангажманите на Франција во Африка и на Блискиот Исток. На силите им биле доделени околу 30 „Super Puma" хеликоптери. Во јуни 1994 година, Франција спровела воена интервенција заради геноцидот во Руанда, испраќајќи воени сили во соседен Заир. Со хеликоптерите се вршел транспорт на француски војници и опрема за време на нивното учество во мисиите во Руанда. Од 1990 година, „Super Puma" во воена служба се продавал под ознаката „AS532 Cougar". Во споредба со „Puma", хеликоптерот „AS332 Super Puma" имал поголема брзина и опсег на крстарење, делумно поради тоа што моторите имале поголема моќност и 17% намалување на потрошувачката на гориво по километар. „AS332 Super Puma" се покажал како многу популарен, така што во периодот помеѓу јули 1981 година и април 1987 година, просечната стапка на производство се движела од три хеликоптери месечно во воени и во цивилни варијанти. Во таа насока, поради големата побарувачка, и Индонезија ги произведувала моделите „Puma" и „Super Puma SA" под лиценца од „Aerospatiale" за домашни и за некои клиенти во странство.

Хеликоптерот „AS332" може да смести до 15 патници, додека проширената кабина и до 20 патници во удобна конфигурација. Различни француски претседатели, како Франсоа Митеран, го користеле воениот „Super Puma" како официјален транспорт за време на дипломатските мисии.

Поморската варијанта на „Super Puma" е произведена за вршење антиподморска војна и мисии за површинска борба. Во таква конфигурација, тој е модифициран со дополнителна заштита од корозија, рефлектор за пребарување, склопувачки краци на опашен ротор, систем за насочување на палубата при слетување, сонар опрема и радар за пребарување. Тој се покажал дека е добро прилагоден за „оф-шор" операции на Северното Море за потребите на нафтената индустрија, каде што се користи за транспорт на персоналот и на опремата до и од нафтените платформи.

Во 2012 година Франција започнала проект вреден 289 милиони евра за надградба на 23 армиски и 3 хеликоптери за воздухопловните сили од овој тип, а воедно да се изврши и испорака на слична авионика за хеликоптерите од типот EC225 и EC725 кои ги поседуваат француските вооружени сили и кои се наследници на „AS 532 Cougar".

До 2014 година различни модели на хеликоптерот биле распространети низ 56 земји за широк спектар на цели, односно биле испорачани вкупно 890 „Super Puma" хеликоптери. Во ноември 2015 година, „Airbus Helicopters" објавил дека производствената активност на „AS 332 Super Puma", која била редизајнирана како H215, ќе биде префрлена во новоизградената фабрика во Брашов, Романија. Овој потег има за цел да го намали времето и трошоците за производство со поедноставување на производството на единствена основна конфигурација, која потоа ќе биде приспособена за задоволување на потребите на цивилните и на воените корисници.

## Главни карактеристики

Хеликоптерот „AS532 Cougar" има три варијанти и тоа: „AS532 UL/AL", „AS532 SC" и „AS535". Првата варијанта е долга верзија способна за транспорт до 29 припадници, шест повредени патници на носилки, за ВИП превоз и како радарска платформа за набљудување на боиштето. Радарската антена со радарот можат да детектираат до 4000 цели, на висина од 4000 метри и на далечина од 200 километри. Втората варијанта, „AS532 AL" е вооружена варијанта опремена со 20-милиметарски топови, ракети од 68 мм и пушки за брз оган. „AS-532SC" е поморска верзија која главно се користи за да се изврши борба против површинските војни, антиподморска војна, барање и спасување и крајбрежни мисии за патролирање. Варијантата е инсталирана со „AM 39 Exocet" ракети, сонар и торпеда. Третата варијанта „AS535" е модел за пребарување и спасување, распореден во француската армија.

Во однос на опремата, авиониката во „Cougar" е претставена со четири мултифункционални дисплеи, интегриран инструментален систем и систем за мониторирање. Според производителот, авиониката инсталирана врз подоцнежните варијанти, обезбедила високо ниво на безбедност при работата. Различни надградби биле во игра, вклучувајќи ги интегрираните системи за управување со летот, дисплејот за дигитална мапа, дуплекс дигитален автоматски пилот, рекордерите за летови, системот за предупредување против судир, компатибилноста со очила за ноќно летање од трета генерација, како и повеќе комуникациски средства. Исто така, „Cougar" е опремен со класична опрема за навигација (Global positioning system, Inertial navigation, Doppler radar, VHF omni directional radio range equipment (VOR), Tactical air navigation (TACAN) и Distance measuring equipment (DME)), како современа опрема за моделот за борбено барање и спасување (Radar warner, Missile launch warning system, Radar како и Infrared jammers и Chaff and flare decoy system).

Главната кабина на хеликоптерот во која се пристапува преку две лизгачки врати користела реконфигурабилно поставување на подот, односно може да се поставаат различни конфигурации за патници или товарни конфигурации, вклучувајќи специјализирани варијанти за медицински цели.

Хеликоптерот „Cougar" може да се искачува со брзина од 6.2 метри во секунда. Максималната брзина на крстарење изнесува 278 км/час, долетот на хеликоптерот е 573 километри со плафон на лет од 3450 метри. Максималната искористеност во зависност од количеството на гориво е четири часа. Хеликоптерот тежи околу 4560 килограми, а максималната полетна тежина е 9000 килограми. Структурата на „Cougar" е така приспособена што може да ги заштити патниците при вертикално пропаѓање од 11.4 м/сек и удар на земјината површина. Одлично дизајниран им е автопилотот и системот за управување и контрола на летот. Во текот на 2015 година, француските сили добиваат модернизирани 26 модели на „AS532 Cougar" во однос на нова авионика и подобрен автопилот.

Драган Павловски



# „MATADOR“

## Оклопно возило на тркала 4x4/6x6

„MATADOR“ е ултра модерно оклопно возило на тркала, заштитено од мини, развиено од страна на „Paramount Group“од Јужна Африка, возило во категоријата со тежина до 15 тона

Оклопното возило „MATADOR“ официјално беше пуштено на изложбата „Africa Aerospace & Defence“ во Кејптаун, Јужна Африка. Развојот на „Матадор“ започнува во 2006 година, а првите прототипови беа завршени во 2007 година. Тестирањата беа спроведени во истражната и развојната база „Paramount“ во Јужна Африка, додека тестирањата за мобилноста беа спроведени во Обединетите Арапски Емирати. Азербејџан во 2009 година донесе одлука за нарачка на 25 возила „Матадор“. Овие возила се произведуваат во Азербејџан под лиценца на „Paramount Group“. Главните делови и системи, како и потсистемите за производство на возилото ги снабдува „Paramount Group“. Првата серија на производство завршува во 2010 година, додека завршната испорака на возилата во 2011 година.

Заштитеното возило од мини „MATADOR“ вклучува монокок труп со „двојна кожа“. Војниците можат да влегуваат и да излегуваат од возилото преку задната врата или преку кровниот отвор, додека вградените отвори на дебелиот оклоп наменети за отворање на оган им овозможуваат на трупите да отвораат оган со своето индивидуално вооружување од внатрешноста на возилото. „Матадорот“ обезбедува две седишта напред за екипажот на возилото и 12 седишта во задниот дел за транспорт на трупите. Возилото „Матадор“ може да се модифицира за да одговара на разни мисии и улоги. Надворешниот складиштен простор овозможува возилото да носи намирници, резервни делови и останата опрема за максимално самоодржување. Автомобилските склопови и компоненти (COTS - Commercial-Off-The-Shelf) кои се користат за производството на возилото ги намалуваат трошоците за сопственоста, како и трошоците за животниот циклус. Возилото може да се поправи на терен, заменувајќи ги оските и пружините во рок од еден час после оштетувањето од експлозија од мина. Посебниот аранжман на седење на посадата на возилото ја зголемува можноста за преживување на екипажот кога возилото е подложно на екстремни забрзувања кои се случуваат при активирање на мини. „Матадорот“ има должина од 6,57 метри, ширина од 2,48 метри и висина од 2,77 метри. Има носивост од 4500 кг, борбена тежина од 15,300 кг и севкупна тежина на празно возило од 10,800 кг. Возилото „Матадор“ има неколку оклопни варијанти. Достапен е во конфигурации 4x4 и 6x6. Иако основната варијанта на ова возило е оклопен транспортер, исто така е достапен и се користи како оклопно возило за заштита од мини, оклопно возило-санитетско и комадно возило за заштита од мини. „Матадор“ возилото може да биде опремено со лесни и со средни митралези, со топ, како и со платформа за минофрлачи и лансери на противоклопни ракети. Тоа може да биде опремено и со борбена купола. Традиционалниот труп во облик на „V“ вклучува двојна разграничена оклопна конструкција. Главната конструкција на трупот се состои од три индивидуално подвижни плочи. Трупот на возилото обезбедува целокупна заштита од куршуми и отпорност против кинетичката





енергија на проектилите според STANAG 4569 ниво 3 за одделот на екипажот. Тестирањата во Јужна Африка потврдија дека возилото „Матадор“ може да преживее експлозија од двојна противтенковска мина во која било точка под телото и тројна противтенковска мина под кое било од тркалата. „Матадор“ е единственото возило во својата класа според тежината кое нуди толку високо ниво на заштита. „Матадорот“ може да издржи експлозија од 155 мм HE гранати на далечина од 60 метри. Исто така обезбедува целосна заштита од оклопно-пробојна муниција со калибар 7,62 мм НАТО стандард. Нивото на заштита може дополнително да се зголеми со додавање на сет од дополнителен оклоп. Во зависност од побарувањата на возилото може опционално да се вгради и систем за NBC заштита. Ова оклопно возило за погон користи „Cummins“ дизел-мотор со турбо полнење, опремен со „ALLISON SP3000“, автоматска трансмисија со шест степени на пренос и испорачува моќност од 221 kW. Моторот се наоѓа во предниот дел на возилото, оставајќи го остатокот од просторот чист за екипажот и десантниот дел. „Матадорот“ доаѓа со погон на сите тркала цело време, опционално може да биде опремен со MAN дизел-мотор, заедно со 12-брзински полуавтоматски менувач.  Оклопното возило „Матадор“ може да биде распореден во воени операци, како и во операции за поддршка на мирот во урбани средини, но идеален е за мисии во помалку изградени области поради големиот круг на свртување. Опремен е со систем за централна автоматска регулација на притисокот во гумите, кој помага полесно да се управува со притисокот во гумите додека се вози по различни видови на терен. Диск сопирачките на воздух со антиблок системот за кочење овозможуваат контрола на возилото со различни брзини. Возилото има брзина на движење од 120 km/h и максимален опсег од 700 km. Општи спецификации и карактеристики: должина: 6,57 метри;широчина: 2,48 метри;висина: 2,77 метри; тежина (combat) 13,5 тони; носивост: 4,500 кг; посада: 2+12 војници; автономија на опсег: 700 km; максимална брзина на пат: 100 - 120 km/h; комерцијално достапни делови; погон 4x4 или 6x6; автоматска трансмисија ALLISON SP3000 6-Speed Automatic; TRANSFER BOX - AXLETECH BT 600; задна врата за распоредување; мотор: CUMMINS ISBe4 Diesel (221kW and 1 100Nm) или MAH; PROTECTION-MINE:Triple anti-tank mine (21kg TNT) под кое било тркало. Double anti-tank mine (14kg TNT) под трупот. (Higher than STANAG 4569 Level 4a and 4b); PROTECTION-KE (STANDARD): 7.62x54mm RB 32 API & .50cal API (Equivalent to STANAG 4569, level III). Оклопните возила „Matador MRAP“ се исто така предложени во конфигурација 6x6. Освен тоа верзијата 8x8 е во фаза на концепт и ќе се развие доколку постои поцврста побарувачка на пазарот. Исто така, вредно е да се спомене дека „Paramount Group“ нуди и помало заштитено возило отпорно на мини „Marauder“, специјално развиено за урбано војување. Бидејќи возилото ги користи добро докажаните воени погони и системи за погонско управување на CUMMINS и на MAH, интегрирани со целосно автоматски менувачи, обезбедуваат одлична мобилност на патот и надвор од него. Автомобилските системи може да се одржуваат и да се поправаат речиси низ сите земји ширум светот, кај кој било претставник на CUMMINS и на MAH, без притоа корисникот да воспостави независен логистички систем. Секоја обука и специјална процедура се блиски при рака и затоа достапноста е значително подобрена. Овие возила можат да бидат распоредени насекаде, за многу краток рок. Оператори на оклопното возило „Матадор“ се Азербејџан и Јордан. Досега се потпишани два договори со Азербејџан за производство на оклопното возило, првиот во 2008 година за 25 возила и вториот во 2011 година за уште 30 возила „Матадор“.

Идриз Идризоски





# Инженериска борбена поддршка на копнената војска на Бундесверот

Прелиминарните концептуални размислувања за идниот профил на способности на германските вооружени сили предвидуваат значителни засилувања во однос на квантитетот и квалитетот, а исто така и во доменот на борбената поддршка на копнената војска.
Родот инженерија на германската војска е вистински мултипликатор на вооружените сили во сите опции на употреба. Затоа, инженеријата располага со високо квалификуван персонал, насочен на можностите кои од него се бараат. Овие можности се гледаат во единството на високо мотивирани, добро обучени и оспособени војници и старешини на сите нивоа на командување, потоа на наменската употреба на машините и средствата, адекватната материјално-формациска структура базирана на навременото планирање и развој. Инженериските единици располагаат со различни способности, а тоа вклучува подготовка на оперативната област во однос на сите инженериски активности, како и давање на соодветни совети на командантите на борбените единици.
Инженериските единици го обезбедуваат движењето на сопствените трупи со совладување на минските пречки, природните и другите пречки. Тие се способни за изградба на воени мостови преку водени или природни пречки.
Други задачи вклучуваат расчистување на урнатините и барикадите, како и санација на патишта и други транспортни комуникации уништени од воени дејства или од природни катастрофи.
Движењата на воениот противник ги спречува и ги канализира, и за таа цел, важни делови од теренот, патишта и мостови, привремено ги прави непроодни со помош на инженериски машини, противтенковски мини и експлозиви. Од друга страна, пак, инженерците се обучени за откривање на мини, експлозиви и муниција на копно и во плитки води. За да ги открие овие борбени средства, инженеријата има специјално обучени кучиња.
Специјално обучени инженерци можат со помош на специјална опрема да ги неутрализираат уочените опасности.
Инженерците создаваат вистински услови за живеење и работа за командување, логистичка и медицинска грижа и за сместување на сопствените трупи. За таа цел, занаетчиите и технички обучените инженерци со нивната специјална опрема помагаат при изградба на касарни, кампови, складови и транспортна инфраструктура. Тие ги утврдуваат просториите за складирање и чување, мостовите или пистите на аеродромите. Покрај тоа, инженеријата ја подобрува и заштитата на сопствените трупи, а со тоа ја зголемува нивната способност за преживување.
Инженерците ги зајакнуваат воените инсталации против гранатирање, преку градење на земјени бедеми или заштита



од вреќи со песок. Тие изработуваат борбени бази и засолништа за да ги заштитат војниците и воените возила. По наредба, инженерците со нивните посебни вештини и опрема им помогаат и на цивилните власти во операциите за помош при катастрофи.
Инженеријата на германската копнена војска е добро опремена со шест активни мешани инженериски баталјони и три самостојни инженерски чети во бригадите. Секој од овие баталјони е составен од две оклопни инженериски чети и една инженериска машинска чета и една резервна инженериска чета. Оклопната инженериска чета се состои од еден оклопен инженериски вод, главно на оклопни транспортери „Фукс 1 А4“ или „Фукс 1 А8“, со комплет инженериски алат и многу работна сила, еден инженериски машински вод со голем машински парк и два ЕОД водови. Од шесте инженериски машински чети, како и од понтонериските чети, за потребите на мисиите нивните способности можат да се групираат заедно. Инженериските машински чети од три оклопни инженериски баталјони се состојат од еден оклопен инженериски вод и ЕОД вод (лесен или среден), како и два различно оклопни инженериски машински водови. Исто така, и овде има возила и машини за градежни работи и други разни специјални вештини. Еден оклопен инженериски баталјон има специјална инженериска машинска чета со посебни способности за изградба на мостови. Во преостанатите два оклопни инженериски баталјони се наоѓа една понтонерска чета и една чета со амфибии М3. Последно наведените тешки чети, како и некои инженериски чети, беа исклучени од делумно активниот тежок 901. инженериски баталјон (од 1. оклопна дивизија), односно од 905. инженериски баталјон (од 10. оклопна дивизија) и доделени на инженериските баталјони во бригадата. За националната и сојузничката одбрана, единиците можат да бидат вратени на овие два баталјони. Како дел од промените во персоналот, инженеријата малку ќе биде зајакната. Следствено, ќе се добие втора воздушно-десантна инженериска чета во 701. оклопен инженериски баталјон, ќе се формира втора оклопна инженериска чета и во 901. инженериски баталјон ќе биде формирана втора активна чета за пловни мостови (од амфибии). Исто така, инженериските единици можат да нараснат и поради размислувањата за идниот профил на способности на Бундесверот. Модерните машини и возила се докажаа во досегашните мисии на Бундесверот. Примери се оклопниот транспортер „Фукс“ од „Рајнметал“, инженериското извидувачко возило „Фенек“ од КМВ, инженерискиот тенк за деминирање „Кајлер“ од

> Поддршката на борбените сили од страна на родот инженерија е важен услов за оперативниот успех, како и за упорноста во сите видови операции. Особено интеракцијата на борбените и инженериските сили за поддршка на копнената војска е од голема важност. Инженериската поддршка на борбените единици на копнената војска треба да се приспособи на долг рок за задачи во националната и сојузничката одбрана

„Рајнметал“ и инженерискиот тенк „Дакс“ врз шасијата од тенкот „Леопрад 1“ од КМВ. Наследникот за инженерискиот тенк „Дакс“ треба да следи околу 2025 година. Ова го вклучува и тенкот-носач на мост „Бибер“ врз шасија на тенкот „Леопард 1“ со мостниот систем на „General Dynamics European Land Systems“. Овој систем совладува пречки со широчини до 20 метри, а со употреба на повеќе комплети дури и до 45 метри со класа на носивост „60“. Набавката на седум оклопни системи за поставување на мостови „Леган“ од КМВ врз основа на шасијата од тенкот „Леопард“ како иден тенк-носач на мост е во тек, а дополнителната набавка опфаќа 31 систем. Тенкот-носач на мост „Леган“ со дополнителна оклопна заштита превезува три мостни делови (еден од 26 м и два по 14 м), кои делумно се превезуваат со оклопен камион 6x6. Се премостуваат пречки до 26 метри, а со преклопување на неколку мостови и до 40 метри, со можност за преминување на возила до класа „80“. Минополагачот „85“ ќе биде делумно реактивиран. До 2023 година, 23 системи ќе бидат достапни со оклопните 15-тонски возила како нивно влечно возило. Идниот систем за запречување би требало да се набави на среден рок. Понтонскиот мост на „General Dynamics European Land Systems“ од Кајзерслаутерн е подобрен со зголемување на должината од 150 метри и капацитет за класа „90“ за возила на гасеници или класа „70“ за возила на тркала. Достапен е сет од овој систем со должина од 150 метри, од кој може да се направат и четири скели. Исто така, од „General Dynamics European Land Systems“ доаѓа амфибијата „М3“ како многу мобилна и моќна алатка за совладување на водени препреки. Во понтонериските чети се предвидени 30 амфибии „М3“. Ова значи дека два понтонски моста со класа 70 со должина до 150 метри можат да се направат за околу деведесет минути или можат да се изработат две скелски места на премин. Рокот на употреба на постојните понтонски мостови и на амфибиите е продолжен до 2030 година. Системот кој ќе ги наследи ќе биде тестиран и треба да се воведе од 2025 година. Од дванаесетте оклопни системи за деминирање на патиштата на „Рајнметал“, седум беа распоредени во мисиите за спречување на заканите од ИЕН. Останатите системи треба да се распоредат до 2023 година. На системот на оклопни возила со противминска



заштита припаѓаат, покрај транспортните возила МУЛТИ А4 ФСА, инженерискиот оклопен транспортер „Фукс 1А8“, оклопното возило „Волф“ за ЕОД-тимовите и далечински управуваниот систем на детектори на мини и камери, поставени на оклопното возило „Визел 1“. Во 2018 година, седум ОТ „Фукс“ со способност за идентификација и уништување на ИЕН од двете страни на патот, ќе бидат распоредени во мисии во урбани подрачја. Опремувањето на инженериските единици со опрема ќе биде подобрена, но приливот на војници сè уште не е задоволителен. До кој степен политички најавеното зголемување на буџетот за одбрана ќе даде доволно инвестициски фондови до 2030 година, останува да се види.

Александар Стојчевски



# ВОЕНОТЕРЕНСКА МАСКИРНА УНИФОРМА
## како препознатливо обележје на македонската армија

За да се реализираат бараните и очекуваните карактеристики на военотеренската маскирна униформа како важен дел од опремата на војниците потребно е да се изработи проект за нејзино осмислување и дизајнирање како текстилен производ со заштитен карактер, кој исклучиво го користат припадниците на униформираниот дел на АРМ, а се проектира според точно дефинирани оперативно-тактички барања дефинирани од непосредните корисници. Барањата кои треба да ги исполни овој текстилен одевен заштитен предмет се многу специфични, единствени и многуслојни. Военотеренската маскирна униформа како производ треба да ги задоволува и следните единствени барања: да поседува карактеристика на препознатливост и репрезентативност на државата од која потекнуваат борците, како што е единствената шара, избор на бои и нијанси на бои во зависност од географските обележја на територијата на државата и оперативно-тактичките барања и потребите на армијата. Како производ мора да поседува особина на прикривност со можност за приспособување кон одредена околина. Прикривноста треба да се анализира од два аспекти. Првиот како приспособување на одредена средина која е дефинирана со одредена нијанса на бои, што значи одевниот предмет да може да се претопи во средината, во однос на бојата и текстурата и вториот аспект на прикривност како можност да апсорбира што поголем дел од видливиот дел на спектарот на видливата светлина во целодневни делови и во ноќни услови, инфрацрвениот дел од спектарот само во точно дефинирана граница на брановите должини. Првиот услов на прикривност се решава со бои и нијанси на бои кои се слични или исти со боите на опкружувањето или со избор на нијанси на бои со бранова должина на неинтезивни и неутрални бои, а другиот услов со планирање, односно со користење на премачкувачи кои апсорбираат светлина. Денеска сѐ повеке се напушта идејата военотеренската маскирна униформа да биде со доминантно користење на нијансите на зелената боја, затоа што очекувањата за водење на вооружен конфликт во шумски предел како за време на партизанското војување е скоро невозможно.

> Секоја армија во светот има свои симболи со кои сака да ја одбележи својата припадност кон одредена националност, држава или воен сојуз, а истовремено да ја истакне својата различност, специфичност и препознатливост како армија. Едно од главните такви одбележја е знамето како свет симбол на секоја армија, а потоа и униформата со нејзината карарактеристична боја, шара и конфекциски модел

Униформата која ја користат припадниците на АРМ денеска е трибојна шара со нијанси на зелената, кафената и црната боја со доминација на зелената боја во дигитална шара во „рип стоп“ ткаење (Сл. бр. 1). За прв пат дигиталната шара им е предложена на авторитетите на АРМ во 2004 година во четирибојна изведба. Поголемиот број од армиите сѐ повеќе користат трибојна

шара којашто дава добар ефект на прикривност со најразлична комбинации на бои и нијанси на бои. Нашиот предлог за униформа во снежни услови на дејствувања беше во две бои, и тоа како основа е бела позадина со нијанса на зелената боја како расфрлени дамки (Сл. бр. 2) и уште еден предлог за униформа за иста намена, и тоа на бела основа со расфрлени дамки од нијанси на зелена боја и нијанси од кафена боја во дигитална изведба, дадени на Сл. бр. 3. Наш предлог за комбинациа на бои за униформата на Воената полиција беше еднобојна шара изведена од основната трибојна шара, и тоа на сина основа со три нијанси на сина боја во дигитална изведба (Сл. бр. 4). По барање на припадниите на АРМ се направи предлог-шара изведена од трибојната основна шара, и тоа шарата да биде еднобојна со три нијанси на зелена боја во дигитална изведба (Сл. Бр. 5). За урбана шара на униформите за единицата на пСО предложена е шара изведена од основната шара во три нијанси на црната боја во дигитална изведба - сиви нијанси (Сл. бр 6). Сите предлози на униформи се со различен суровински состав и квалитет во зависност од условите на експлоатација и степенот на напрегање на истите.Од информациите што денес ги добиваме преку медиумите, тежиштето на воените дејства е во урбана градска средина. Нашиот предлог за урбана шара на униформа е таа да биде еднобојна шара во три нијанси на кафената боја во дигитална изведба, дадено на Слика бр. 7. Шарата е изведена од стандардната тробојна шара којашто веќе ја користиме. Комбинацијата на нијансите на бои дава одлична прикривност во урбана средина. Друг заштитен елемент е водоотпорноста. Предлог беше водоотпорноста да биде во времетраење од 7 часа, по тоа време имаме други делови од униформата од водоотпорен материјал кои го штитат борецот 24/7 часа од дожд и влага при екстремни услови.

Военотеренската маскирна униформа треба да ги задоволува сите ергономски барања, да биде пријатна за носење, со што помалку декоративни елементи кои само ја оптоваруваат нејзината основна намена, да е удобна за носење, да овозможува слобода на движењето, да не поти итн.

Нашата предлог-ткаенина со такви карактеристики е предложена во 2004 год во атлас 5/1 ткаење. Се прифати трислојниот композитен материјал од ПТФЕ – тефлонска фолија за изработка на ветровки. Ова се прави со цел основната ткаенина што помалку да се оптоварува со полнила.

Процедурата за воведување на нов дел од опрема во борбениот комплет секогаш оди по точно пропишана процедура, односно прво со доставување на оперативно-технички барања од страна на непосредните корисници, потоа врз основа на нивните барања се дава одговор во вид на можни решенија вметнати во техничка документација. Врз основа на техничката документација се изработува прототип. Потоа се изработува нулта-серија, па пробна серија која се дава во нормална експлоатација, и на крај се изработува редовна серија. По одредено време, техничката документација со докажаниот квалитет на средството се предлага до министерот за одбрана за да го прифати или да го одбие како стандард на одбраната во зависност од политиката која ја претставува. При експлоатацијата на стоте комплети ќе можеше практично да се проверат и да се потврдат сите претпоставки за потребата или бесполезноста на овие



Слика бр. 1



Слика бр. 2



Слика бр. 3



Слика бр. 4



Слика бр. 5



Слика бр. 6



Слика бр. 7

заштитни елементи при максимални оптоварувања во дадено време. Искуствените податоци од актуелните воени жаришта покажуваат на можноста военотеренската маскирна униформа брзо да се запали и да гори, што не дава временска можност борецот безбедно да биде извлечен на сигурно место без сериозни животозагрозувачки изгоретини.
Една од важните карактеристики на военотеренската маскирна униформа е издржливоста на физичко-механички напрегања, а притоа да не дојде до механичко оштетување на истата, да има доволна јачина на кинење, јачина на прскање и издржливост на триење во зависност од предвидените оптоварувања. Еден од факторите за издржливост на механички оптоварувања е и времето предвидено за замена на деловите на униформата по прифатен норматив и можноста за нормално одржување на истата. Во процесот на планирање на физичко-механичките, заштитните и ергономските карактеристики, секогаш се тргнува од одредени оперативни

Заштитната компонента на военотеренската маскирна униформа најчесто се однесува на заштита од дожд и влага, топлина и студ и директна изложеност на отворен оган. Таа треба да се вклопува во дадена средина со елементите на шарата, избор на нијанси на боите и да има можност да го рефлектира видливиот и инфрацрвениот дел од спектарот со точно одредена бранова должина, но и да заштитува од течни и прашкасти агресивни агенси

барања на припадниците на армијата кои од ден на ден се сè посложени, со цел што е можно подобро да се заштити здравјето, односно животот на борецот. Новите технологии во областа на полимерите денеска се во можност да ги исполнат и најсофистицираните барања и желби на армиите во речиси сите области. При планирањето и конструирањето на постарите униформи, оперативните барања биле да се посвети што поголемо внимание на здравствената компонента и задоволството на борецот да ја носи. Па затоа се користеа исклучиво природни материјали пред сè волна и памук. Своја улога во тоа имаше и нивото на развој на технологијата на синтетските предива. Денеска примарна цел е да се добие ефикасна униформа со голема механичка издржливост и со помалку заштитни елементи за сметка на удобноста при носење. Брзиот развој на технологиите за развој на квалитетни синтетските предива кои можат денеска донекаде успешно да ги заменат природните материјали, помогна и за изработка униформа од 100% синтетичко предиво да добие добри ергономски карактеристики. Па, така, униформите на голем дел од армиита во светот се изработени од 100% синтетички предива, најчесто 100% па до 66%. Кај униформи со суровински состав каде што преовладува синтетичко предиво мора многу да се внимава на факторот потење на борците и транспорт на влагата во внатрешноста на униформата. Униформата што ја носат нашите борци во својот состав има 80% памук и 20% полиестер (пес). Униформата што ја нарекуваат универзална во својот состав има







50% памук и 50% пес и е со одлични физичко-механички и ергономски карактеристики. Новата униформа во својот состав има 50% памук и 50% па 66%, со што донекаде се задоволија два предуслова да биде пријатна за носење, да има капацитет да прима влага и да биде доволно издржлива за подолготрајно носење, земајќи го предвид фактот дека замената на деловите од униформата по норматив ретко се почитува. За топлотна изолација на борците, поточно за заштита од студ во зимски услови, предложивме дводелно пододело со докажана ефикасност и со доволен тежински капацитет и можност за топлотна изолација и за складирање на пот, со суровински состав од 80% памук и 20% полиамидно предиво во два квалитета. Што се однесува до конфекцискиот изглед на военотеренската маскирна униформа, армиите најчесто ги преземаат идеите






на најголемата и најбогатата армија на светот и во услови кога за одредени делови имаат подобри решенија. Пример за ова е блузата која всушност е кошула со долги ракави и безброј копчиња кои во услови на итност при облекување само ќе направат нерешлив проблем.
На барање на припадниците на одредот на пСО, во новата изведба на военотеренската маскирна униформа, ги исфрливме задните џебови и ја зголемивме платката на седалото на панталоните. За жал, ги задржавме предните џебови на панталоните кои никому не му се потребни, го намаливме струкирањето на блузата, ја исфрливме капата од водоотпорната ветровка, горните џебови ги симнавме во просторот помеѓу слабините, со што се доби корисен простор. По пример на американската униформа, ставивме трендовски коси џебови со спротивно затворање и воведовме многу ефикасни џебови под колениците на панталоните (Сл.бр. 8). Овие џебови беа посочени и барани уште од војниците повратници од Авганистан во 2007 година. Новата документација со наше учество во обезбедувањето на бараниот квалитет и контрола на истиот при набавката е гарант дека припадниците на АРМ ќе имаат модерна, современа и квалитетна военотеренска маскирна униформа со одлични механички карактеристики, водоотпорност и со голема толеранција во постојаноста на боите, а без заштитните елементи на незапаливост и ИЦР-заштита. Техничката документација за военотеренската маскирна униформа која сега ја носат припадниците на униформираниот дел на АРМ промовирана во 2008 год., исто така има извонредни решенија. Важен елемент во квалитетно завршување на проектот дизајнирање, набавка и експлоатација на нова униформа за припадиците на АРМ е строгото почитување на принципите и процедурите на следење и управување со складирањето, одржување во услови на складирање, издавање, одржувањето за време на експлоатација, расходување по експлоатација, складирање и уништување на истата, односно следење на животниот век на униформата до нејзина комплетна морална и механичка деградација. Почитувањето на принципите и процедурите на аквизицијата секогаш без исклучок помагаат во рационално искористување на ресурсите на униформите. Сите најави за производство и експлоатација на нови модели на военотеренската маскирна униформа со вградена електроника со промовирање на војници на иднината во овој момент се нереални, бидејќи драматично ја зголемува цената на униформата, а не влијае значајно на заштита на војниците во услови на војување кое сега се промовира во светот на војните и можноста големите светски сили максимално да ја користат живата сила од слабо развиени земји и земји опфатени со воени дејства, со многу поевтина цена. Единствено што може да се очекува во развојот на нова военотеренска маскирна униформа е примена на композитни јаглеродни материјали со висока механичка заштита, единствено за единиците за специјални операции.

Ѓорѓи Аџиевски



# Меѓународното право и морската миграција

Конвенцијата на ОН за морско право (на англиски јазик скратено: UNCLOS) била преговарана со намера. Прогресивниот развој на морското право ќе овозможи оваа конвенција да придонесе за зајакнување на мирот, безбедноста, соработката и пријателските односи меѓу сите држави според принципите на правдата и еднаквите права и ќе го промовира економскиот и социјалниот напредок на сите народи во светот, во согласност со целите и принципите на Обединетите нации утврдени во Повелбата на ООН. Според членовите 98 (1) - (2) од Конвенцијата, државите-членки и капетаните на бродот се должни да им помогнат на лицата кои се во тешка состојба, а крајбрежните земји-членки се обврзани да воспостават и да промовираат операции за пребарување и спасување на море. Покрај тоа, Меѓународната конвенција за потрага и спасување (на англиски јазик скратено: САР) во својата преамбула го утврдува меѓународниот поморски план за пребарување и спасување во рамките на поморскиот сообраќај, односно за спасување на лица кои имаат проблеми на море. Поглавјето 2 од Потрага и спасување (на англиски јазик скратено:

Во ова чувствително време, кога мигрантите и бегалците го губат својот живот во Медитеранот во нивниот обид да ја одбегнат ескалацијата на хуманитарните кризи и политичките превирања, има голема потреба од понатамошно анализирање на комплексноста што ја регулира поморската безбедност. Ова е сложена област на правото и политиката, и тоа веројатно вклучува и меѓународен поморски закон, кој го регулира движењето на бродовите по море и меѓународниот закон за миграција со кој се регулира општиот третман на мигрантите и бегалците








SAR) ги обврзува крајбрежните земји-членки да организираат соодветни служби за пребарување и спасување на лица кои имаат проблеми на море. Исто така, елаборира дека регионите за пребарување и спасување се дефинираат преку договори или други договори со други држави. Доколку договорните страни не постигнат договор за точната димензија на регионот за пребарување и спасување, тие страни ќе ги искористат своите најдобри напори да постигнат договор по соодветни аранжмани според кои е обезбедена еквивалентна целокупна координација на услугите за пребарување и спасување во обласат. Генералниот секретар се известува за таквите аранжмани. Исто така, Потрага и спасување  предвидува таа помош да му биде обезбедена на секое лице кое е во неволја на море. Тие ќе го сторат тоа, без оглед на националноста или статусот на таквото лице или околностите во кои тоа лице се наоѓа. Меѓународната конвенција за безбедност на животот на море (на англиски јазик скратено: SOLAS), генерално се смета за најважен од сите меѓународни договори во врска со безбедноста на трговските бродови. SOLAS се применува на бродови што имаат право да пловат со знамето на државите на владите од кои се договараат. Поглавјето 5 ги обврзува земјите-членки да се осигураат дека се прават неопходни аранжмани за мониторинг на крајбрежјето и за спасување на лица во неволја во морето на нејзините брегови. Овие аранжмани треба да вклучат градење, работење и одржување на такви објекти за поморска безбедност кои се неопходни, имајќи ја предвид густината на морскиот сообраќај и навигациските опасности и треба да дадат соодветни средства за лоцирање и спасување на таквите лица. SOLAS беше изменета во 2004 година за да обезбеди насоки за тоа што треба да содржи безбедносниот план при ангажирање на брод кој бил во пристаниште на некоја странска земја или брод што не е потребно да го примени Меѓународниот пристаништен безбедносен код. Според овие измени одбивањето на влез во пристаниште ќе се изрече само кога прописно овластениот службеник има јасни основи да верува дека бродот претставува непосредна закана за безбедноста или за безбедноста на лицата, бродовите или друг имот, а не постојат соодветни средства за отстранување на заканата.

## Права на бегалците

Општо земено, додека UNCLOS, SAR и SOLAS управуваат со меѓународниот поморски закон и обезбедуваат рамка за ангажирање на брод за мисии за пребарување и спасување, на другиот крај на спектарот е рамката на меѓународното право за миграција. Но, овој текст повеќе се фокусира на Конвенцијата за бегалци. Конвенцијата за бегалци, според член 12, ги обврзува земјите-членки да протераат бегалци само врз основа на национална безбедност или закана за јавен ред и само ако одлуката за протерување е „постигната во согласност со законот. Освен ако не се бараат релевантни причини за националната безбедност, на бегалецот му е дозволено да достави докази за да се расчисти ситуациајта и тој да има право на жалба и да биде застапуван пред надлежен орган или лица посебно назначени од надлежниот орган". Покрај тоа, според членот 33 и принципот на невраќање, на државите-членки обично им е забрането протерување на бегалец во неговата земја на потекло ако постои ризик од прогон врз основа на националноста, политичкото мислење, расата, религијата или членството во одредена социјална група .
Меѓутоа, постои исклучок кога бегалецот претставува закана за националната безбедност или „доколку, откако е осуден со конечна пресуда за особено сериозно кривично дело, претставува опасност за заедницата на таа земја". Така, од една страна, меѓународниот поморски закон ги обврзува бродовите и капетаните на бродот да вршат операции за пребарување и спасување кога ќе се соочат со некој што е во неволја. Дури ги обврзува и бродовите да се запознаени со сложеноста на процесот како таквите операции ќе се вршат на соседните територии преку регионални договори. Слично на тоа, УНКЛОС регулира и рамка  за пребарување и спасување на лицата кои имаат проблеми на отворено море. Според тоа, може да се заклучи дека кога бродови од држава која е припадник на овие конвенции наидува на брод кој пренесува луѓе во неволја, тие



всушност се овластени да обезбедат помош. Од друга страна, Конвенцијата за бегалци обезбедува заштита на бегалците кои бегаат од нивната земја на потекло поради прогон. Ги штити кога ќе влезат во земјата-домаќин и ги штити од враќање назад со принципот на невраќање, непостоење на закани за националната безбедност и јавниот ред. Додека движењето на луѓе преку меѓународните граници има многу позитивни влијанија (особено од социоекономска и културна разновидност), постојат и закани по безбедноста поврзани со трговијата со луѓе, шверцот и организираниот криминал. Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН (SCR) „1373“ ја наведува тесната поврзаност меѓу меѓународниот тероризам и транснационалниот организиран криминал, недозволената трговија со дрога, перењето пари, нелегалната трговија со оружје и нелегалното движење на нуклеарни, хемиски, биолошки и други потенцијално смртоносни материјали и во оваа насока ја нагласува потребата за подобрување на координацијата на напорите на национално, субрегионално, регионално и меѓународно ниво, со цел да се зајакне глобалниот одговор на овој сериозен предизвик и закана за меѓународна безбедност. „SCR 1373“, исто така, ги повикува државите да преземат соодветни мерки во согласност со релевантните одредби од националното и меѓународното право, вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за човекови права, пред да добијат статус на бегалец, со цел да се обезбеди дека барателот на азил не го планирал, не го олеснил или не учествувал во терористички акти.

Исто така и Њујоршката декларација за мигранти и бегалци ги опфаќа посебните слабости на жените и децата додека патуваат од земјата на потекло во земјата на пристигнување. Ова вклучува нивна потенцијална изложеност на дискриминација и експлоатација, како и на сексуална, физичка и психолошка злоупотреба, насилство, трговија со луѓе и современи форми на ропство. Овие безбедносни предизвици се релевантни во контекст на копнените и поморските граници, но можеби е потешко да се решат во контекст на поморска имиграција кога се вклучени навистина многу актери. Така, на пример, импликативно е дека капетанот на бродот е одговорен за пребарување и спасување и дека авторитетите на пристаништето се одговорни за протерување ако постои опасност за националната безбедност и јавниот ред. Но, потребно е да се покаже малку повеќе разбирање при обидот да се утврди кој ентитет е одговорен да одлучи дали некој на бродот е закана за национална безбедност. На пример, во случај членовите на екипажот да бидат

> Конвенцијата за бегалци обезбедува заштита на бегалците кои бегаат од нивната земја на потекло поради прогон. Ги штити кога ќе влезат во земјата-домаќин и ги штити од враќање назад со принципот на невраќање, непостоење на закани за националната безбедност и јавниот ред

определени да вршат скрининг, мора да постои систем кој гарантира дека истите се соодветно обучени. Слично на тоа, потребни се повеќе дискусии и планирање за тоа што да се прави со спасените лица откако на бродот му е забранет влез во пристаниште од безбедносни причини. Како треба да се третира групата на спасени мигранти и каде треба да бидат испратени? Ова се комплексни политички прашања, бидејќи истите се поврзуваат со граничната безбедност, а нивното решавање побарува распределба на ресурси и поширока соработка од државни, меѓународни и приватни чинители. Но, во услови кога постојано се зголемува бројот на лица кои бегаат од конфликтот и кои овие напори ги реализираат по море, и тоа со чамци од кои повеќето не се погодни за оваа намена, ваквите прашања стануваат сè порелевантни и за нив треба да се преземаат итни мерки.




м-р Билјана Поповска
*(адаптирано од Melina Lito од PerConcordiam, волумен 8, бр. 4, 2018 година)*

# Проверка на психофизичките способности

Во Програмата за едукација и обука на резервните офицери и подофицери во Општинската организациона единица (ООЕ) на ОРОРМ Тетово, со која раководи резервниот капетан Зоран Кировски, за 2018 година беа планирани и реализирани повеќе практични содржини, меѓу кои и неколку кондиционо-едукативни маршеви. Во контекст на ваквите определби, неодамна се реализира кондиционен марш со повеќе придружни едукативни содржини, во реонот на општина Теарце. Целта на маршот, кој се изведе на релацијата: манастирски комплекс с. Лешок – с. Варвара, во должина од 4 км, беше проверка на психофизичките способности на резервните офицери и обновување на знаењата за географската и топографската ориентација во просторот. На оваа практична содржина учествуваа 50-тина членови на ОРОРМ од: Тетово, Желино, Брвеница, Боговиње, Јегуновце и Теарце.

Во вториот дел од маршот, во с. Варвара, претседателот на ОРОРМ, проф. д-р Ѓорѓи Малковски, ги информираше учесниците за актуелните состојби во Организацијата и за реализираните активности во 2018 година, а капетанот Игор Станковски од Гарнизонот на АРМ Тетово одржа предавање на тема „Стратегиското значење на Полошката Котлина". Со оглед на значењето на темата таа беше проследена со особено внимание од присутните. Ова еднодневно дружење заврши со заеднички ручек – традиционалното војничко гравче.



# Регионален марш

Општинската организациона единица (ООЕ) на ОРОРМ Битола, со која раководи резервниот капетан Оливер Митевски, е една од поголемите ООЕ во Р. Македонија, која планираните содржини со Програмата за едукација и обука ги реализира континуирано во текот на целата година, независно од временските услови. Домаќин и организатор на регионалниот марш „Трескавец 2018", што се организира на 8 декември на релацијата: Прилеп – манастир „Успение на пресвета Богородица", Трескавец, во должина од 7 км, беше Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРМ Битола. Во рамките на повеќегодишната традиционална соработка со соседните општински организации, на оваа едукативна обука учествуваа и претставници на ООЕ на ОРОРМ од Прилеп и од Демир Хисар. За учесниците на маршот од Битола и од Демир Хисар, оваа содржина претставуваше и убава можност тие да се запознаат со убавините и карактеристиките на Прилепскиот регион, при што посебен впечаток им остави манастирот „Трескавец", каде што отец Калис ги информираше за значењето на ова духовно светилиште од неговото формирање до денес.

Искуството од ваквата соработка на споменатите три ООЕ е позитивен пример за можноста вакви и силични програмски содржини да се организираат и во други средини.



# Посета на Врање

Во рамките на Програмата за едукација, обука и негување на слободарските традиции, на 9 декември, 20-тина резервни офицери од Тетово, активисти на ООЕ на ОРОРМ, остварија еднодневна посета на Врање, Р. Србија. „Оваа активност е реализирана во рамките на програмските определби на Општинската организациона единица за негување на слободарските традиции и одбележување на значајни историски настани и личности од историското минато, како значајна претпоставка во градењето и зацврстувањето на натамошните демократски вредности на нашето општество", ни изјави во краткиот разговор претседателот на Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРМ Тетово, резервниот капетан Зоран Кировски. При престојот во Врање тие ги посетија: Музејот на Врање и спомен-куќата на познатиот писател Бора Станковиќ, а при враќањето во Р. Македонија ја разгледаа историската поставка во Меморијалниот центар во Пелинце, во знак на почит на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година, каде што се удрени темелите на македонската држава. Ова претставуваше убава можност за нивно потсетување на значајните одлуки и решенија за конституирање на современата македонска држава, во рамките на тогашната Д.Ф.Југославија, што претставува историски настан со повеќекратно значење.



Живко Трајановски

# Историја на современите конфликти во Иран



Иран, во минатото познат како Персија, се простира во Западна Азија, во североисточниот дел на Персискиот Залив и непосредно до Хорзмуз, стратешкиот патен правец за транспорт на нафта и други деривати. Иран е 17-та по големина на територија држава и 18-та по бројност на жители во светот. Но, за жал, голем дел од територијата на Иран е пустински предел. Иран има вкупно 82. 331. 075 жители, од кои 89% се Шиити муслимани, што претставува и официјална религија во Иран. Околу 9% ја сочинуваат популацијата на Сунити муслимани. Останатите 2% од населението се: Зороастријани, Евреи, христијани и бахаи заедници. Поголемиот дел од популацијата припаѓа на персиската етничка заедница или над 51%. Останатите етнички групи вклучуваат Гилаки и Мазандарани, Курди, Лурси, Балохи и Туркмени. Над 58% од популацијата зборува персиски јазик.

Иран има долга и богата историја и култура и силен национален идентитет. Затоа честопати доаѓа во судир со дел од соседните држави, најчесто од причина што дел од нив се креација на вештачки нации и идентитети и голем дел од нивната историја биле под колонијално ропство, така што немаат силна и јасна слика за својата историја и културна традиција

Иран има многу млада популација, така што средната старосна вредност на популацијата изнесува 27 години. Благодарение на неисцрпните и обновливи извори на нафта и други деривати, иранската популација има солиден животен стандард, преку достапност на електрична енергија, вода, модерна патна инфраструктура, како и современа технологија и мрежа на телефонија, интернет и други материјални вредности. Иран има образована работна сила и добро платена и развиена средна класа на жители. Најразвиена индустрија во Иран претставува експлоатацијата на природните богатства и ресурси. Притоа, 80% од заработувачката од извоз се придонесите од нафтените деривати, од кои 50% се употребуваат за задоволување на финансиските побарувања на иранската влада. Иран има околу 10% од светските резерви на нафтени деривати и претставува втора земја со најголеми резерви на гас после Русија.

Персија била апсолутна монархија под владетелство на шах (император) од XVI век до усвојувањето на националниот устав во 1906 година. Во 1907 година се потпишува таен договор помеѓу Британија и Русија за поделба на сфери на влијание во





Иран. За време на Првата светска војна (1914-1918 година) доаѓа до спротивставување на британско-руските интереси во Иран, со што Иран делумно успева да се избори за својата неутралност и територијален интегритет. Притоа, династијата Кајар се одржува на власт до 1925 година, а после овој период власта е под воено водство на козачкиот офицер Реза Кан. Со добивањето на титулата шах, Реза шах Пахлави (Reza Shah Pahlavi) во 1935 година го менува името на државата во Иран. Германија, како лидер на централните сили, со водство на коалициските сили врши окупација на Иран во текот на 1941 година. Во текот на Втората светска војна доаѓа до промена на водството во Иран, па така синот на Реза шах, Мухамед Реза Пахлави доаѓа на власт. Британските и американските сили го ослободуваат Иран во текот на 1945 година, а советските сили истата година го ослободуваат од окупација северозападниот дел на Иран. Во периодот после Втората светска војна (1941-45 година) до 1953 година, иранскиот политички систем вклучувал три главни кампуси: прозападно ориентирани конзервативни партии (шахот и развиената феудална каста (landlords); просоветски ориентирани комунистички тудех-партии; неутрален национален фронт, кој се обидувал да воспостави целосно владеење на правото, на човековите права и консолидација на уставното со меѓународното право. Во 1951 година Националното консултативно собрание, гласа во корист на национализација на нафтената индустрија и со тоа целосно го отстранува влијанието на британските и западните влијанија. Две години подоцна, во текот на 1954 година, иранскиот премиер Мухамед Мосадек е приведен од страна на американските и британските разузнавачки служби. После ослободувањето, шахот постепено го зајакнува личниот авторитет со воспоставување на диктаторско влијание и моќ, кое се манифестира најмногу во 1963 година со таканаречената „Бела револуција“. Опозициските партии, најчесто поддржани од земјоделската класа и конзервативните муслимани се спротивставуваат на диктаторскиот режим на шахот. Две години подоцна, во 1965 година, премиерот Хасан Али Мансур е симнат од власт од страна на поддржувачите на конзервативниот шиитски исламистички лидер Ајатолах Рухолах Комеини, кој бил најсилен критичар на шахот. Ајатолах живеел како азилант во Ирак, откако за време на опозициските активности бил депортиран од Иран. Популарниот политички дисидент Ајатолах станува шах и успева да ја симне од власт коруптивната и репресивна власт на почетокот на 1970-тите години. За време на неговото владеење Иран доживува економски раст, базиран првично од обновливите нафтени извори. Во текот на 1977 година економската политика на Иран е во пад и стагнација, така што се зголемува притисокот и репресијата кон власта на Ајатолах. Уличните штајкови и антивладините демонстрации се шират насекаде низ Иран и нивната масовност од ден на ден се зголемува. Притоа лево ориентираните либерални опозициски партии се првичната закана за владеењето на шахот. Исламистите, предводени од шахот Ајатолах, кој овој временски период се наоѓа во Франција, мора да дејствуваат ефективно кон добро организираните опозицски групи. По разбивањето на сите опозициски групи во текот на 1979 година, шахот Ајатолах се враќа во Иран и повторно ја презема власта. За кратко време Владата формира Исламски револуционерен совет кој се состоел од 15 членови, а истиот имал авторитативна и целосна извршна моќ во Иран. Со одлука на овој совет од 1 април 1979 година Иран се преименува во Исламска Република Иран. Во согласност со новите измени на уставот на Иран кој веднаш од овој датум стапил на сила, учењето на исламот како религија се засновал сеопфатно на основите на: социолошките, политичките и економски релации. Политичко-религискиот лидер, познат под прекарот Вали Факих (Wali Faqih) или иницијално како Комеини, имал целосна власт во Иран. Иранско-ирачката војна (1980-1988 година) беше крвава и бесмислена повеќегодишна војна. Таа беше поттикната од Иранската револуција, предводена од Ајатолах Рухолах Комеини (Ayatollah Ruhollah Khomeini), кој го собори шахот Пахлави (Shah Pahlavi) во 1978-79 година. Ирачкиот претседател Садам Хусеин, кој го презираше шахот, ја поздрави оваа промена, но неговата радост се претвори во бес кога Ајатолах почна



да повикува на шиитска револуција во Ирак за да го собори секуларниот сунитски режим на Садам Хусеин. Провокациите на Ајатолах ја разгореа паранојата на Садам Хусеин, кој наскоро почна да повикува на нова битка кај Кадисијах, која се однесува на битката од VIII век, во која новомуслиманските Арапи ги победија Персијците. Ајатолах се одмаздил со повикување на бајатистичкиот режим. Во април 1980 година, ирачкиот министер за надворешни работи, Тарик Азиз, преживеа обид за атентат, за кој Садам го обвини Иран. Кога ирачките Шиити почнаа да реагираат на повикот на Ајатолахот Хомеини за револт во април 1980 година, реториката се вжешти од двете страни и продолжи во текот на летото, иако Иран воопшто не беше подготвен за војна.

На 22 септември 1980 година, Ирак започна инвазија врз Иран преку воздушни напади врз иранските воени сили, по што следеше инвазија на земјата од страна на шест ирачки армиски единици долж долгиот фронт од над 600 километри до иранската провинција Кузестан (Khuzestan). Садам Хусеин очекуваше етничките Арапи во Кузестан да се кренат во поддршка на инвазијата, но тоа не се случи, најверојатно затоа што главно беа Шиити. Неподготвената иранска армија беше поддржувана од револуционерната гарда во нивните напори да се борат против ирачките окупатори. До ноември 1980 година, корпусот од околу 200.000 исламски доброволци, беа првиот штит против силите на освојувањето. Војната во текот на 1981 година е во „статус кво“ состојба. Во текот на 1982 година,

Во текот на 1983 година, Иранците лансираа пет големи напади врз ирачките цели. Во знак на одмазда, Садам Хусеин испрати ракетни напади врз единаесет ирански градови

Иран започна контраофанзива со помош на бројните доброволни одреди. Во април 1982 година, Садам Хусеин ги повлекува своите сили од иранската територија. Меѓутоа, иранските повици за ставање крај на монархијата на Блискиот Исток ги убедија неподготвените Кувајт и Саудиска Арабија да почнат да испраќаат финансиска помош за Ирак, иако ниту една од сунитските сили не сакаше шиитската револуција да се шири на југ. На 13 јули 1982 година, иранските сили вршат напад на Ирак упатувајќи се кон градот Басра. Ирачаните се подготвиле преку копање на бункери и ровови долж границите со Ирак. Од друга страна, силите на Садам подготвиле хемиско оружје против нивните противници. Притоа, одличната рововска сообраќајница на иранските сили не им помогна при налетот на сериозни хемиски напади од страна на Ирак. Големиот број на жртви кој секојдневно растеше го натера американскиот претседател Роналд Реган, заедно со Советскиот Сојуз и со Франција, да го натераат Садам Хусеин да размислува на завршница на оваа војна. Од друга страна, Кина, Северна Кореја и Либија оваа улога ја имаа со Иран. Пролетта 1984 година, Иранско-ирачката војна влезе во нова, поморска фаза кога Ирак ги нападна иранските танкери за нафта во Персискиот Залив. Иран







одговори со напади на танкерите на нафта и на Ирак и на своите арапски сојузници. Загрижени, САД се заканија дека ќе се приклучат на војната ако дојде до прекин на снабдувањето со нафта.
На копно, во периодот од 1985 до 1987 година, Иран и Ирак водеа офанзиви и контраофанзивни борбени дејства кои беа неверојатно крвави, често со убиени десетици илјади луѓе на секоја страна за неколку дена. Во февруари 1988 година, Садам го изврши најсмртоносниот ракетен напад врз градовите на Иран. Истовремено, Ирак почна да подготвува голема офанзива за да ги истера Иранците од ирачката територија. Изненаден од осумгодишните борби и неверојатно високиот број жртви, иранската револуционерна влада почна да размислува за прифаќање на мировен договор. На 20 јули 1988 година, иранската влада објави дека ќе прифати прекин на огнот со посредништво од ОН, иако Ајатолах Хомеини го спореди со пиење од „затруена чаша”. Садам Хусеин побара Ајатолах да го отповика својот повик за негова смена пред да го потпише договорот.
На крајот, Иран ги прифати истите мировни услови што ги отфрли Ајатолах во 1982 година. По осумгодишни борби, Иран и Ирак се вратија на истиот статус, односно на геополитички план ништо не се промени. Она што се промени беше дека над 500.000 Иранци и над 300.000 Ирачани загинаа. Иранско-ирачката војна од 1980-88 година беше една од најдолгите во современата актуелна историја и заврши нерешено. Можеби најважната теза што треба да се извлече од оваа војна е опасноста да дозволиме верскиот фанатизам од страна на Иран да се судри со психичката нестабилност и мегаломанија за регионална доминација на ирачкиот лидер.
Понатаму, конфликтите на Иран продолжуваат после повеќе од една декада или поточно во 2004 година започнува сè уште актуелниот асиметричен конфликт во Систан и Балучестан помеѓу Иран и неколку милитантни организации на балошките Сунити, кои се претставени како терористички организации од страна на Иран. Арапскиот збор „Jundallah“ во превод значи „божји војници“. Тоа е името на Народното ослободително движење во Иран (People’s Resistance Movement of Iran (PRMI) или поточно е балошка сунитска воена организација стационирана во Систан и Балучестан, односно во југоисточниот дел на Иран, кои се борат за еднакви права на сунитските муслимани во Иран.



„Војната на танкерите“ помеѓу Иран и Ирак продолжи до 1987 година, така што американските и советските поморски бродови нудеа придружба до танкерите за нафта за да се спречи нивното насочување кон завојуваните страни. Вкупно 546 цивилни бродови беа нападнати и 430 трговски морнари загинаа во овие судири

Абдомалек Риги (Abdolmalek Rigi) беше лидер на движењето на балошките Сунити, сè до 2010 година кога е фатен и ликвидиран од страна на иранската влада.
Следен според историската хронологија е Иранско-курдскиот конфликт, кој претставува конфликт помеѓу Иран и курдските герилски групи претставени преку курдистанската слободна партија (Kurdistan Free Life Party - PJAK), конфликт кој започнува 2004 и завршува во текот на 2011 година. Поголемиот број на судири се случија во курдистанската провинција во Иран и во други курдски провинции. Масовни судири се случуваат во текот на 2010/11 година, а на 29.09.2011 година се прогласува примирје со поддршка на меѓународна асистенција. Повремени конфликти се случуваат во текот на декември 2011 година во Банех, кои продолжуваат во текот на 2012 и 2013 година. Потоа следи конфликтот во Сардахт во текот на август 2013 година и последниот конфликт на 19.04.2016 година, кој индицираше на нова фаза на следни конфликти. За време на примирјето со иранската власт курдските политички лидери ги искажаа своите барања за формирање на автономен курдски регион во рамките на Иранската држава. Исто така, тие напоменале дека се фокусирани на смена на автократското владеење со демократска федерална влада, која ќе гарантира соработка и автономно владеење на етничките малцинства во Иран преку нивните региони и општини, пред сè мислејќи на сунитските Арапи, Азерите и Курдите на кои претходно им биле загрозени овие права.
Во тековните воени судири, Иран е активно вклучен во Сириската и во Ирачката цивилна војна од 2011 година наваму. Кон крајот на 2017 година сириските коалициони сили, заедно со Иран зададоа силен поразителен удар врз силите на ИСИС во Сирија. Од 2014 година па наваму, Иран во Ирак против ИСИС изврши серија на успешни воздушни напади, а во текот на 2017 година иранските трупи ги поразија копнените сили на ИСИС во Ирак. Она што е најактуелно е дека тензиите помеѓу Иран и Израел го зголемуваат својот интензитет откако на 10.02.2018 година Иран произведе безимено воздушно летало и истото го тестираше од сириската воздушна база близу градот Палмира, и со тоа беше повреден воздушниот интегритет на Израел. Борбениот дрон е иранска копија на моделот „US SQ-170 Sentinel“, еден од дроновите кои Иран ги фати за време на воените операции во Авганистан, а кои прелетаа во иранскиот воздушен простор во текот на 2011 година. За овој настан сириската влада ја презеде одговорноста, но израелските разузнавачки служби преку контрола на комуникациско-информацискиот систем на леталото извршено во градот Фарси, велат дека за ова одговорноста е на Иран. Вистината најверојатно е некаде измеѓу, односно борбениот дрон е пуштен од страна на иранските безбедносни служби, но бидејќи е од сириска територија, командувањето и контролата на леталото е во рацете на сириските служби. Иранската операција за тестирање на борбен дрон на израелски воздушен простор, според научната и експертска јавност е јасен сигнал на сирискиот претседател Башар ал Асад до Израел, дека нема повеќе да ги толерира израелските воздушни сили да го загрозуваат воздушниот простор на Сирија.

д-р Андреј Илиев



## Армискиот полигон „Криволак“ низ призмата на историјата

На страниците на „Штит“ сме пишувале за многубројни вежби и настани кои се случувале и се случуваат на Армискиот полигон „Криволак“. Пишувавме и за најновите проекции и тенденции овој полигон да прерасне во значаен регионален центар за вежби и обука. Во овој број ви пренесуваме уште некои интересни податоци и приказни поврзани со територијата на овој значаен терен на Армијата на Република Македонија

# ЕРНЕСТИНА И ТАПИЈАТА НА ОМЕР-БЕГ


POST OFFICE TELEGRAPHS

TO

TO

Омер-бег, сопственик на чифликот Криволак, откако наслутил дека од север дуваат лоши ветришта, а немајќи потомство, пред заминување за Анадолија решил чифликот и големиот имот на Криволак да ѝ го подари на убавата холандска благородничка Ернестина Хаткинсон



Во воените енциклопедии и мапи, Криволак е запишан како најголем воен полигон на некогашната ЈНА во Европа. Тој епитет е актуелен и денес, со додавка дека сега е стратешка локација во одбранбениот систем на Република Македонија. Во „биографијата“ на ова парче македонска земја доминираат воени термини и метеоролошки пикантерии, но нема ниту збор за неговата трансформација низ времињата.
Една од приказните за Криволак е ренесансно-романтична и датира од средината на 19 век, во време кога османлискиот благородник Омер-бег решил да ја заокружи својата автономија во однос на Портата, на која долго и ревносно ѝ служел. Во потрага по место на кое целосно би се посветил на својата пасија - расните коњи, бегот стасал на Криволак. Откако ја маркирал локацијата, се вратил во Битола и по неколку денови, со уредна тапија, верни придружници и чифт коњи, токму на Криволак започнал да го остварува својот сон. За не цели две години, во дивината оддалечена од прометни патишта и населени места „лудиот бег“ ќе го создаде најмодерниот чифлик во тогашната османлиска провинција Румелија. Неговото лично царство веројатно би останало загубено во времето и просторот, да не се нашло на крстопат на еден белосветски авантурист и неговата убава сопатничка.

## Мисијата на полковникот Хаткинсон

Крстарејќи по крајниот запад на Османлиската Империја во потрага по авантури достојни на нејзиното реноме и „ќесето“ на нејзините придружници, преубавата холандска благородничка Ернестина, на почетокот на минатиот век ќе заскита во балканската пустелија. Нејзиниот тогашен сопруг, полковникот Карл Хаткинсон, емисар на Британската Империја, не бил многу трогнат од несекојдневниот пејсаж. Тука стасал заради доверлива задача околу очекуваното преуредување на Балканот, така што сопругата му служела како пристоен параван за завршување на доверената задача. За разлика од него, неговата „тазе“ животна сопатничка не берела гајле за „стратешките“ извидувања на нејзиниот сакан Карло. Како и дотогаш, им се препуштала на егзотичните патешествија, далеку повозбудливи од едноличните забави на европските дворови. Се разбира, ревносниот аѓутант на Британското Кралство, дури во Лондон ќе дознае за вистинските причини за продолжување на нејзиниот престој во беспатието во Источна Македонија.




А, сè започнало во средината на јуни во далечната 1908 година, кога по препораката на британскиот конзул во Битола, брачната двојка Хаткинсон тргнала во посета на извесен турски благородник, инаку пријател на британскиот конзул во Битола. Препораката се темелела на желбата на госпоѓата Ернестина да види „нешто посебно“. Конзулот им препорачал две дестинации: бањата Негорци и чифликот на неговиот пријател Омер-бег, во близина на Неготино на Вардар. Негова попатна забелешка, дека Турчинот има стадо преубави коњи, ја разгорело љубопитноста на Ернестина, па брачната двојка тргнала во авантура која сосема ќе ја преврти нивната иднина. По дводневното јавање, брачната двојка стасала на имотот на бегот. Здогледувајќи ја убавата куќа во дворот во кој доминирала цветна градина, Ернестина останала без здив. Уште повеќе откако го здогледала бегот, во зрело доба, но висок и строен, достоен за секој од водечките европски салони. Тој гостите ги поздравил на француски, скратувајќи ги така непотребните формалности. Возвраќајќи му на убавиот пречек во име на мажот, кој не зборувал француски, госпоѓа Хаткинсон истурила грст комплименти за дворот и за самиот бег. Тоа што потоа ќе се случи ќе биде вткаено во романтичната предисторија на најголемиот воен полигон во Европа. На полковникот Хаткинсон не му пречела присноста на неговата сопруга со бегот, особено што за нејзината наклонетост се изборил во многу посилна конкуренција од онаа на мистериозниот Турчин. Впрочем, тој можел да ѝ биде татко, така што полковник не се осврнувал ни на целодневните јавања на неговата сопруга, секогаш во придружба на бегот. За тоа време тој бил преокупиран со географски мапи и пишување писма. Во почетокот на јули истата година, полковникот морал итно да отпатува за Битола, а потоа, по барање на конзулот од Солун, и за Скопје. Кога после една недела се вратил на Криволак, со намера да ја земе и сопругата заради итно заминување за Стамбол, се соочил со голема мака. Ернестина наеднаш добила силна треска, и нејзиното заминување било исклучено, особено откако тоа го потврдил ерменскиот доктор кој бил повикан од Кавадарци.

## Подарокот на Омер-бег

Дури откако стигнал во Стамбол, полковникот сфатил дека „треската“ на неговата сопруга бил Омер-бег. Имено, неколку дена по неговото пристигнување во Стамбол, од Битола на Босфор стасало писмо со кратка но јасна порака. „Драг Карло, по препорака на докторот Акопиан, јас по











заздравувањето ќе одам директно за Лондон. Ќе се видиме таму...“ Приказнава, пишувана врз документи од архивата на белградскиот адвокат д-р Риналдо Чалиќ, понатаму вели дека баронесата Ернестина, Омер-бег го замајувала до почетокот на октомври 1908 година. Тогаш заминала за Лондон, убедена дека „изненадувањето од Македонија“ ќе ги избрише сите сомнежи на нејзиниот маж. А изненадувањето било, ни помалку ни повеќе, уредно заверена тапија на чифликот на Криволак. Не треба многу ум да се разбере како убавата Ернестина го заслужила подарокот на Омер-бег. Без сомнение на тој подарок влијаела и одлуката на бегот да замине за Анадолија. Откако наслутил дека од север дуваат лоши ветришта, а немајќи потомство, бегот решил големиот имот на Криволак да ѝ го подари на убавата Европејка.И којзнае што би се случило со вредната тапија, да не задувале слични ветришта во опкружувањето на госпоѓата Ернестина. Кога се вратила во Лондон, не само што таму не го нашла својот маж, туку дознала дека тој, во придружба на нејзината пријателка Ула, заминал на Блискиот Исток. Со заштедата „спечалена“ на Криволак, Ернестина се вратила во Париз, во потрага по некој нов полковник. Бидејќи таков не се појавувал, а заштедата се топела, баронесата се сетила на тапијата. На еден прием се запознала со службеник од посланството на тогашното кралство СХС во Франција и од него побарала помош. Кога ја видел тапијата, и особено големината на имотот што таа го покривала, неименуваниот дипломат стапил во акција. Веднаш му се јавил на својот пријател и адвокат Риналдо Чалиќ во Белград, и на 20 февруари 1925 година Ернестина и д-р Чалиќ потпишале договор.

### Царството на браќата Диковиќ

Во јули истата година, со полномошно и тапијата, адвокатот стигнал во Кавадарци. Нема сознание како се сретнал со Михајло Диковиќ, сточар од Крушево, но познато е дека со него постигнал договор за купопродажба на чифликот. Благодарение на скопјанката, госпоѓата Вети Дика, една од наследничките на имотот на Криволак, дознаваме дека на 13 јули 1925 година во Белград, Михајло Диковиќ и адвокатот Чалиќ потпишале договор. Од истиот може да се види дека чифликот е продаден за 1.700 тогашни англиски фунти, а истата сума е исплатена во две еднакви рати. А дека убавата баронеса Ернестина не била само авантуристка, туку и итра и далековида Холанѓанка, дознаваме од содржината на двата до денес сочувани документи. Имено, во договорот што го потпишала со адвокатот Чалиќ, стои следната клаузула: „Од денот на потпишувањето на овој договор, во наредните пет години, г-ѓа Ернестина Хаткинсон има право на продадениот имот да преземе истражни работи со цел пронаоѓање руда и минерално масло. Без сомнение, сопственичката на Криволак имала претходни сознанија за постоење на некои минерали на имотот, бидејќи и три години порано преземала слични мерки. Со помош на

Благодарение на скопјанката, госпоѓата Вети Дика, една од наследничките на имотот на Криволак, дознаваме дека на 13 јули 1925 година во Белград, Михајло Диковиќ и адвокатот Чалиќ потпишале договор. Од истиот може да се види дека чифликот во Криволак е продаден за 1.700 тогашни англиски фунти, а истата сума е исплатена во две еднакви рати



тогашниот вицеконзул на Британија во Скопје, од Главното повереништво за аграрната реформа, издејствувала нова привилегија за имотот на Криволак. На 10 јули 1922 година добила документ во кој пишува дека земјиштето што го добила како подарок „се иззема од секој намет и удир на аграрната реформа.“
Како и да е, почнувајќи од 1925 до 1945 година, браќата од Крушево, Ташко, Михајло и Тома Диковиќ (Дика), сложно стопанисувале со чифликот. На огромното пасиште на Криволак ги одгледувале своите овци, здобивајќи се со богатство и епитет – најголеми сточари во Македонија. За жал, на 7 март 1946 година, Државната комисија на Народна Република Југославија (Аграрната комисија на селото Криволак), ја донела одлуката за експропријација на „сточарскиот посед на браќата Диковиќ.“ Во тој документ уште пишува дека со споменатата комисија раководел извесен Лазар Најдов, кој пред тоа (не се знае зошто), браќата ги обвинил за „соработка со непријателот.“

## Правдата бавна – надомест за Гинис

Процесот на експропријацијата, или поточно, буквално одземање на имот на браќата Диковиќ траел единаесет минути. Тогаш семоќниот Најдов, лелекот на ограбените браќа го решил со два збора: „Одете си или ќе наредам да ве уапсат.“ Голготата на семејствата и на браќата Диковиќ е вткаена во свеста на нивните потомци, сега жители на Скопје. Спомнатата госпоѓа Вети Дика и нејзината мајка ни раскажуваа дека злото било толкаво што Ташко, нивниот татко и сопруг, еден од најбогатите луѓе во Македонија, бил погребан со позајмени пари.
За среќа на потомците, браќата Диковиќ, поучени од оние од кои го купиле Криволак, тапиите од земјиштето ги направиле во 160 примероци, а во аманет им оставиле порака дека еден ден правдата ќе дојде. И дошла. По осамостојувањето на Република Македонија, властите донеле закон за враќање или обесштетување на секој одземен имот. Благодарение на заверените копии од тапиите на Криволак, наследниците на браќата Диковиќ покренале постапка. Во исто време, државната комисија имотот на Криволак го проценила на 14.197.924 милиони марки.

И кој знае што би се случило во целиот процес, да не се вмешале Американците, кои, разбирливо, знаеле од какво стратешко значење е воениот полигон на Криволак. Со нивна помош, спомнатата сума на пари правично е распоредена и исплатена на потомците на браќата Диковиќ.

Миле Раденковиќ








# „Синот на Шаул“

Новата година ќе ја започнеме со филм кој се навраќа на темата за холокаустот, но со фокус на нешто што претходно не било обработувано на страниците за „Штит“ во филмската рубрика. Јануари нè носи во светот на унгарската кинематографија со филмот „Синот на Шаул“, кој претставува воена драма за „сондеркомандосот“ Шаул Аусландер во концентрациониот логор во Аушвиц во 1944 година. Преку приказната на главниот протагонист режисерот Ласло Немеш продира во сликата, структурата и психологијата на работната единица на т.н. сондеркомандоси – Евреи кои биле принудени во логорите да работат една исклучително страшна работа, односно да им помагаат на нацистите во спроведување на нивниот план за егзекуција на затворениците. Филмот ни пренесува ден и половина од неговиот живот во овој периметар на хоророт во кој се нашол како затвореник, заедно со многумина други, само поради тоа што е Евреин. Шаул ги поминувал своите последни денови од животот во крвавата фабрика на смртта, секојдневно живеел и работел во истата грозоморна слика на толпи од изгубени и исплашени Евреи, звуци од гласни врисоци од зад металните врати, реки крв и купишта расфрлани, безживотни голи тела. Токму тоа секојдневие полека го згаснува однатре и ја убива целата надеж и живот во него. Шауловиот фацијален израз низ целиот филм останува ист, тап и безличен, како на човек кој веќе нема ништо во животот, израз на резигнираност преку кој ја гледаме сета згроженост, немоќ и страдање на кои човек, за жал, умее да се навикне и да живее со нив.

## Причина за живот

Токму тогаш кога мислиме дека неговиот живот го загубил целиот смисол, Шаул наоѓа причина која ќе даде цел на неговото постоење. Занесен во својата монструозна работа, механички собирајќи ги труповите од комората, тој забележува момче кое останало сè уште живо, но е без свест. Токму овој живот среде поле од смрт е зрак на светлина за овој човек. Тука започнува мисијата на Шаул која и ќе му биде единствена цел до крајот на својот живот – да му овозможи на ова момче достојна смрт и погреб. Шаул го однел телото кај логорскиот доктор Миклос, исто така унгарски затвореник и помошник на еден од најпознатите наци-доктори Јозеф Менгеле, кој го прегледал и го усмртил веднаш, но го замолил докторот да не ја врши аутопсијата веднаш туку да му го предаде телото нему за да му овозможи соодветен закоп со присуство на рабин. Миклос не ја прифатил неговата молба, но го оставил кратко насамо со телото на момчето пред да се изврши аутопсија и палење во крематориумот. Шаул пред сите го нарекува мртвото момче свој син, но за него всушност момчето е многу повеќе – неговата последна шанса за прочистување и ослободување на



сопствената душа. За Шаул, момчето било начин да се искупи за своите гревови пред да се соочи со сопствената смрт. Од таа причина, тој го зема телото со себе и тргнува во потрага на вистински рабин кој ќе може да го изврши погребот. Но, оваа задача се чини комплицирана бидејќи истата таа ноќ излегува наредба од страна на нацистите да се убие поголема група на Евреи, резултирајќи со хаос во логорот. Безброј истрели како ветер, убиени жени и деца насекаде, искасапени тела, осветлено небо од оган, но и бегство на група затвореници надвор од логорот... Шаул не ја завршува неговата мисија, но неговата душа сепак успева да најде спокој во насмевката на едно младо русокосо селанче, во нивната неколкуминутна слобода додека бегаат во шумата. Тука, за единствен пат, се појавува насмевка на лицето на Шаул. Токму оваа последна сцена останува мистерија за нас. И покрај неуспехот да се пронајде рабин за да му се овозможи достоинствен закоп на загушеното момче од кампот и покрај неуспехот да се избега од смртта, Шаул непосредно пред својата смрт покажува единствен момент на среќа во филмот. Дали русокосото селанче му покажало на главниот протагонист дека сè уште постои невиност и добрина на светот и дека сепак неговата битка не е изгубена, а неговиот живот нема да биде залудно потрошен и ќе има кој да ја продолжи неговата борба против злото? Иако толкувањата на оваа сцена се различни и индивидуални, а режисерот му ја препушта слободата на интерпретација на самиот гледач, едно се знае дека е сигурно, средбата со непознатото момче духовно го ослободува главниот херој и му овозможува достоинствена смрт.

## Што се „сондеркомандосите“?

Овој германски збор се однесува на припадник на специјална единица која, всушност, е работна единица составена од заробеници, најчесто еврејски, во логорскиот камп Аушвиц, за време на холокаустот. Задачата на сондеркомандосите била грозоморна: да ги спроведат групите затвореници донесени со возови во Аушвиц во гасните комори, а, по нивното убивање, да се погрижат за уништување и ликвидација на мртвите тела, собирање на вредните предмети од нивната облека и чистење на гасните комори за нова тура. Овие групи биле формирани исклучиво од затвореници поради тоа што војниците на нацистичката СС единица не можеле да го издржат психолошкиот товар на оваа задача. Иако директно не партиципирале во убиствата, тие помагале во спроведувањето



на хоророт на нацистите. Честопати тие биле одредувани за оваа единица само што ќе пристигнеле во логорот, без претходно да бидат свесни или да добијат информации за нивната задача.
Сондеркомандосите ги пречекувале затворениците при нивниот влез во камповите на смртта, ги упатувале кон гасната комора каде ги терале да соблечат сè од себе и да влезат во комората за којашто ги лажеле дека е само соба со тушеви. По убиството, тие ги извлекувале труповите и темелно ги прегледувале во потрага по скапоцености, а потоа ги палеле телата во крематориуми или на отворени површини. Често за време на својата работа, меѓу труповите за кои требале да се погрижат, тие препознавале дури и членови на своите семејства. Зошто овие луѓе прифаќале ваква работа? Феноменот на искористување на затвореници за контрола, воведување ред и дисциплинирање на други затвореници, не е феномен кој е исклучиво за Втората светска војна или за нацистичките логори. Напротив, историјата бележи многу примери каде се прави стратификација на затворениците на кои им се даваат одредени задолженија кои честопати со себе повлекуваат и морална дилема, а за тоа тие добиваат одредена награда, Во овој случај, наградата е продолжен живот за одредено време. Единствениот начин на сондеркомандосите да го избегнат принудното помагање на нацистите во истребувањето на Евреите бил да извршат самоубиство.

## Задолжителна лекција за хоророт и моралот

Филозофското прашање останува на крајот да го мачи гледачот: Што е она што го одржува човекот во живот кога е веќе на дното на човечкиот интегритет и јасно го гледа лицето на смртта пред себе? Дали е тоа помирување со немањето избор освен да се продолжи, дали е длабоко скриената надеж дека таму некаде можеби постои нов, подобар почеток или можеби е само онаа должност која сме си ја задале себеси да ја оствариме целта без оглед на последиците? Убавината на овој филм се состои во можноста која му се дава на гледачот сам да ги извлекува и интерпретира одговорите на сите неодговорени прашања кои се отвораат во него. „Синот на Шаул“ е филм кој покорува со неговата едноставност, кој бара концентрација и трпение, но и филм кој совршено го пренесува хоророт на холокаустот од една поинаква, поинтимна перспектива.

Елена Ѓорѓиевска



# Планината ВОДНО – белите дробови на Скопје



Водно е средно висока планина сместена во јужниот дел на Скопската Котлина. Има поволна географска положба, бидејќи во нејзина близина се наоѓаат важни патишта, железници и најнаселеното место во нашата република, градот Скопје. Водно е омилено и најпосетено место за градски пикник, место коешто беше прогласено за парк-шума во 1976 година. Планината е долга 12 километри и 5,5 км широка, или покрива 4573 површина на декар. Највисоката точка на Водно е врвот Крстовар, висок 1066 м, каде се наоѓа Милениумскиот крст. Крстот е висок 66 метри, а краците се широки 46 метри  и претставува највисок крст на светот. Изграден е 2002 година, по повод 2000-годишнина на христијанството во Македонија и во светот. Милениумскиот крст може да се види на оддалеченост од 30 км, а до него може да се стигне и со жичницата која го носи неговото име. Жичарницата се движи со брзина од 6 метри во секунда и оваа должина ја совладува за 4 минути и 18 секунди. Патниците се распоредуваат во 28 кабини за по осум патници и 2 кабини за четири патника. Вкупниот капацитет на жичницата е 1160 патници на час.

Водно за скопјани е вистинска „природна вакцина“ против аерозагадувањето. Пријатната планинска клима, разновидната хидрографска мрежа (потоци, подземни води, водопади и извори), богатиот растителен свет со зимзелени и листопадни растенија, разновидниот животински свет и чистиот воздух, го прават Водно значаен туристички центар во текот на целата година, но и место каде може да ги наполните белите дробови со чист воздух.

Од растителниот свет на планината Водно може да се сретнат зимзелени и листопадни растенија. Од листопадните растенија на Водно најзастапен е дивиот костен, но има и бреза, липа, даб, габер и други дрвја. Од зимзилените растенија кои се во поголем број од листопадните, најзастапен е борот кој го има и на двете страни од планината Водно.

Животинскиот свет на планината Водно го сочинуваат еребици, зајак, лисица, верверички, дива свиња, змии, елен, срна, волк, птици и различни видови инсекти. Планината Водно нуди и извонредни услови за развој на планински и друмски велосипедизам.

Кристина Илиевска

# Убавините на Македонија















